Саше Димовски
д-р Јован Илиевски
Зоран Димитриевски



# ЈАВНОСТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

## ПРИРАЧНИК ЗА НОВИНАРИ

Саше Димовски
д-р Јован Илиевски
Зоран Димитриевски

# ЈАВНОСТ
# ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Водич за новинари низ кривичната постапка

Јануари, 2014 година

Автори:

**Саше Димовски,** новинар

**д-р Јован Илиевски,** Јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

**Зоран Димитриевски,** судија на Апелациониот суд Скопје

*Уредник:*

**Ана Новакова-Жикова**, Национален офицер за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Тираж: 700 примероци

Печати: Скенпоинт, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.727:343.13(497.7)(036)

ДИМОВСКИ, Саше
Јавност во кривичната постапка : водич за новинари низ кривичната постапка / Саше Димовски, Јован Илиевски, Зоран Димитриевски. - Скопје : ОБСЕ, 2014. - 70 стр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4630-67-8
1. Илиевски, Јован [автор] 2. Димитриевски, Зоран [автор]
а) Слобода на изразување - Новинари - Кривична постапка - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 95666954

Поддржано од:

Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

Содржината на оваа публикација не мора да значи дека секогаш ги одразува погледите и ставовите на Мисијата на ОБСЕ





## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 5

**1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ........ 7**

**2. ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА ........ 11**

2.1 ОДРЕДБИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА НОВИНАРИТЕ ........ 11
2.2 НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ ........ 15

**3. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ........ 19**

3.1. ОПШТИ ПРАВИЛА ВРЗ КОИ СЕ ЗАСНОВА НОВИОТ ЗАКОН ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ........ 20
3.2. СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ........ 26

**4. "ЈАВНОСТА" ВО ТЕКОТ НА ПРЕДИСТРАЖНАТА И ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА ........ 26**

4.1. ИЗВЕСТУВАЊА ЗА РАБОТАТА НА ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ........ 32
4.2. ПРЕПОРАКИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА НАЧИНИ НА ИНФОРМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ........ 33

**5. ЧЕКОР ПО ЧЕКОР НИЗ ГЛАВНАТА РАСПРАВА ........ 43**

5.1 КОНТРОЛА НА ОБВИНЕНИЕ ........ 43
5.2 ЈАВНОСТ ........ 43
5.3. ГЛАВНА РАСПРАВА ........ 50

**6. ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ ........ 57**

6.1 СКРАТЕНА ПОСТАПКА ........ 57
6.2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ И ОСОМНИЧЕНИОТ ........ 61
6.3. ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ........ 65
6.4. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ КАЗНЕН НАЛОГ ........ 66

**7. ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ........ 68**

**8. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 84**

*ПРИЛОГ 1: ПОИМИ ВО ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ........ 86*
*ПРИЛОГ 2: ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ ........ 88*
*ПРИЛОГ 3: ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЗНМ ........ 90*
*ПРИЛОГ 4: ЧЛЕНОВИ ОД СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ........ 93*
*ПРИЛОГ 5: УПАТСТВО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА СУДОТ ........ 98*
*ПРИЛОГ 6: ПРЕПОРАКА REC (2003)13 НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ........ 103*

***Вовед: Зошто Водич***

*Со новиот Закон за кривичната постапка (ЗКП), кој се применува од 1 декември 2013 година, се напушти досегашниот систем на водење на кривичната потанка со воведување нови решенија, кои се однесуваат меѓу другото и на водење на истрагата од страна на јавниот обвинител, на улогата на судијата во претходната постапка, можноста за водење на скратени постапки и принципот на склучување на спогодба помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот за видот и висината на санкцијата.*

*Новиот концепт на кривичната постапка во голем дел ја менува сликата што ја имаше јавноста до сега за текот на истрагите, за водењето на главниот претрес во кривична постапка, за презентирање на докази, за утврдување на вина.*

*Па, од тука се наметна неопходна потреба за изготвување на Водич за новинари, за јавност во кривичните постапки, нагледно средство кое во многу ќе ја олесни работата на новинарите кои известуваат од судските постапки, кои пишуваат за работата на судската власт, известуваат од терен во случаи каде што има извршено кривично дело па се врши увид, известуваат за поднесени редовни или вонредни правни лекови или го следат извршувањето на кривичните санкции по правосилното завршување на кривичната постанката.*

*Во овој Водич за новинари, кој ќе биде корисен и за поширока публика, како студенти, практиканти, но и граѓани кои можат на поедноставен начин да се запознаат со текот на постанките, опфатени се главните фази  на кривичната постанка, од истрагата која сега ќе ја води обвинителот, преку улогата на судијата на претходна постанка (поранешен истражен судија) до начинот на водење на главната расправа, изведувањето на докази, утврдување на вината, објавување на одлуките и жалбената постанка.*

*Голем дел е посветен на јавноста во кривичната постанка, што е и основен мотив за подготвување на овој Водич. Јавноста како коректор на сите процеси,која преку новинарите,  точно, правилно и навремено ќе ги информира граѓаните за судски постанки кои се водат пред македонските судови, за кои има поширок интерес.*

*Водичот, чекор по чекор ги воведува новинарите во кривичната постанка, ги објаснува фазите, надлежностите на обвинителот, судијата на претходна постанка, на судечкиот судија или судијата за извршување на санкции. Ги дава и сите решенија каде што јавноста може да биде исклучена, во постанки кои се однесуваат на малолетници или кога се штити личниот и морален интегритет на учесниците во постанката или доколку се изведуваат како докази класифицирани информации со утврден степен на тајност. Според одредбите на ЗКП новинарите сега ќе имаат поголема одговорност и при известување за случаи каде што обвинителот и обвинетиот нема да постигнат спогодна и предметот ќе заврши пред надлежен судија. Во исто време, новинарите во своите известувања ќе мора да внимаваат да не му нанесат штета на обвинетиот кој влегол или не влегол во постанка за*

*договарање со надлежниот јавен обвинител.*

*Секое судење е јавно, доколку не станува збор за погоре спомнатите исклучоци, но и тогаш, новинарите и јавноста можат да бидат исклучени само откако Советот кој ја води расправата ќе донесе решение, што ќе го објави пред присутните во судницата и на тој начин сите ќе бидат информирани за причините кои довеле до тоа судот по службена должност да одлучи да го затвори судењето за јавност..*

*На ваков начин, ќе се избегнат сите можни сомневања за тоа дали јавноста треба да биде исклучена или во одредена постапка, со што ќе се елиминираат негативни известувања и коментари дека одредено судење е тајно без да се соопштат причините за тоа.*

*Секако, Водичот треба да им биде при рака на известувачите од судските процеси, кои ќе можат брзо и лесно да реагираат доколку некој се обиде да им го ускрати правото на следење на судењата, спротивно на закон или на судскиот деловник.*

*Судството е една од поспецифичните области, која бара да се познаваат правните термини, нивното значење, надлежноста на институциите и нивното постапување во конкретен случај, за да може да и се понуди на јавноста точна информација, ослободена од било какви непрецизности, кои можат да ги доведат во заблуда читателите/гледачите/слушателите.*

*Јавноста во судските постапки е неопходен услов за транспарентноста и отчетноста на судството, што доведува до зголемување на довербата, а новинарите се тие кои го креираат јавното мислење, и затоа судиите и новинарите се упатени едни кон други, во остварување на демократските цели и вредности.*

*Правото на слобода на изразување е едно од основните човекови права и затоа, новинарите остварувајќи ја својата мисија, преку известувањата го промовираат овој принцип.*

*Во одредени сегменти во судските постапки, новинарите сепак се ограничени кога станува збор за класифицирани информации, заштита на сведоци, соработници на правдата, малолетници, и тие мора многу внимателно да се поставaт за да не се доведат во ситуација да бидат обвинети или да бидат предмет на тужби за клевета и навреда пред граѓанскиот суд.*

*Затоа, овој Водич има цел да информира, да едуцира и да укаже на сѐ што може да биде корисно во работата на новинарите, кога се во прашање судските постапки и што може, а што не да се изнесе во јавност. Честите измени на законите ќе остават простор за понатамошно надградување на овој материјал, но тимот кој го подготви овој Водич се трудеше да ги опфати сите аспекти на постапката, да укаже на неколку закони, на професионалните кодекси и други правила, кои имаат само една цел: навремена и точна информација.*





## 1. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

Меѓународните стандаради и принципи за јавноста во судските постапки и слободата на изразување во целост се инкорпорирани во домашната правна рамка. Со потпишувањето и ратификувањето на соодветните меѓународни конвенции, протоколи и други документи основните принципи и начела стануваат дел од домашниот правен поредок.

- Универзална декларација за човековите права

Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку кои било медиуми без оглед на границите.[1]

При користењето на своите права и слободи, секој човек ќе подлежи само на такви ограничувања какви што се определени со закон, со единствена цел да се осигура должното признавање и почитување на правата и слободите на другите и со цел да се задоволат правичните барања за морал, јавен ред и општа благосостојба во едно демократско општество.[2]

- Европска конвенција за човекови права

Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или

[1] член 19, Универзална декларација за човековите права, http://www.un.org/en/documents/udhr/index.shtml#a19
[2] член 29, Универзална декларација за човековите права, http://www.un.org/en/documents/udhr/index.shtml#a19

заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.[3]

Европскиот суд за човекови права дава особена важност на јавниот карактер на постапката сметајќи дека елементот на јавност преставува суштинска карактеристика на праведното судство. Па така, укажува дека: *“(…) Јавниот карактер на постапката која се води пред судските тела наведени во член 6(1) ги штити странките од евентуалното тајно спроведување на правдата, без јавна критика и контрола. Тоа исто така е еден од можните начини да се гарантира довербата во судот, без разлика дали се работи за првостепен или некој од повисоките судови. Со обезбедување на видливост на процесот на спроведување на правдата, јавноста во постапката придонесува кон исполнување на целта предвидена во членот 6(1), а тоа значи правично судење чија загарантираност претставува едно од основните начела на кое било демократско општество (…)“.*[4]

Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите.[5]

Слободата на медиумите не е апсолутна, затоа што злоупотребата не значи слобода. Доставувањето на информации за медиумско известување мора да биде во согласност и со правата на инволвираните лица гарантирани со Европската конвенција за човекови права и слободи, со Уставот и со законите. Уживањето во овие слободи, со оглед дека со себе носат и обврски, може да биде подведено на формалности, услови, ограничувања или казни, како што тоа е пропишано со закон и е неопходно во едно демократско општество, помеѓу другото, во интерес на заштита од криминалот, заштита на репутацијата или правата на други, за спречување на објавување на доверливи информации или за одржување на авторитетот и независноста на судството.[6]

[3] Член 6(1), Европска конвенција за човекови права
[4] Став 21, Прето и останати против Италија, http://hudoc.echr.coe.int/sites/eng/Pages/search.aspx#{"fulltext":["pretto"],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-57561"]}
[5] Член 10(1), Европска конвенција за човекови права
[6] Член 10(2), Европска конвенција за човекови права





- *Ограничувања во членот 10 со цел заштита на авторитетот на правосудството*

Обврската на лојалност и дискреција која мора да ја имаат државните службеници, а посебно судството, бара објавувањето, дури и на точни информации, да мора да биде изведено со умереност и пристојност.[7]

- *Ограничувања на член 10 во врска со членот 6:*

Државата не смее да дава информации кои ја повредуваат презумпцијата на невиност. Медиумите при своето известување треба да внимаваат и соодветно да ги користат законските изрази осомничен, обвинет, осудено лице бидејќи секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат[8].

Праксата на Европскиот суд за човекови права посочува дека “*(...) слободата на изразување, загарантирана е во членот 10 од Конвенцијата што вклучува и информации. Членот 6(2) не може да ја спречи власта да ја информира јавноста за моментните кривични истраги, но бара тоа да се прави со неопходна дискреција и внимание ако треба да се почитува презумпцијата на невиност(…)“.*[9]

- Меѓународен пакт за граѓански и политички права

Општата основа за јавност во судските постапки дадена во Универзалната декларација за човековите права дополнително се разработува во членот 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права кој се надградува на Европската конвенција за човекови права и предвидува дека “(…) сите се еднакви пред судовите и трибуналите. Секој има право неговиот предмет да биде правично и јавно разгледан од страна на надлежен, независен и непристрасен суд, установен со закон (…). Печатот и јавноста можат да бидат исклучени во текот на целото или на дел од судењето во интерес на моралот, јавниот поредок или националната безбедност во едно демократско општество, или кога тоа го бараат интересите на приватниот живот на странките или во

[7] Страна 93 Кудешкина против Русија, ЕСЧП, 26 февруари 2009 година
[8] Член 6(2), Европска конвенција за човекови права
[9] Ова правило ЕСЧП го повторил во предметот Allenet de Ribemont против Франција, 10. февруари 1995. (апликација број 15175/89), страна 38 од пресудата.

обем строго неопходен согласно мислењето на судот при посебни околности кога јавноста би влијаела на интересите на правдата(…)“[10].

- Препорака REC (2003)13[11] на Комитетот на министри на Советот на Европа за давање информации преку медиуми во врска со кривичните постапки

Целта на Советот на Европа е да се постигне поголемо единство помеѓу земјите-членки во однос на заштита и реализација на начелата кои се нивно заедничко наследство. Потпирајќи се на фундаменталните права и слободи гарантирани со Европската конвенција за човекови права, Комитетот на министрите на Советот на Европа, истовремено почитувајќи ја различноста на националните правни системи во врска со кривичната постапка, во својата Препорака REC (2003)13 востановува 18 начела кои се однесуваат на доставување на информации преку медиумите во врска со кривичната постапка.

Начелата[12] се однесуваат на:

1. Информирање на јавноста преку медиумите
2. Пресумпција на невиноста
3. Точност на информациите
4. Пристап до информациите
5. Начин на давање на информации
6. Редовно информирање во текот на кривичната постапка
7. Забрана за злоупотреба на информациите
8. Заштита на приватноста во контекст на тековната кривична постапка
9. Право на исправка или право на одговор
10. Заштита од влијанието на предрасудите
11. Штетен публицитет пред почетокот на судската постапка
12. Дозвола за влез на новинари

[10] Член 14 (1), Меѓународен пакт за граѓански и политички права, http://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx
[11] https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=51365, усвоена од Комитетот на министри на 10 јули 2003г.
[12] За детални информации видете го Прилогот 6 на овој Водич





13. Пристап на новинарите до судницата
14. Известување во живо и снимање во судницата
15. Поддршка за медиумско известување
16. Заштита на сведоците
17. Медиумско известување за извршувањето на судската казна
18. Медиумско известување по извршувањето на судската казна

## 2. ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА

### 2.1. Одредби релевантни за новинарите

Работата на новинарите и на медиумите, е регулирана во повеќе акти, почнувајќи од *Уставот,* кој ја гарантира слободата на изразување, пренесување и пристап на информации и кој ја забранува цензурата. Членот 16 од Уставот ја гарантира слободата на говорот, основањето на медиумите, но и правото на исправка или демант доколку преку медиумот е објавена неточна или невистинита информација. Работата на електронските медиуми е регулирана во *Законот за основање на јавно претпријатие македонска радиодифузија*[13]. Работата на електронските медиуми ја следи и санкционира Агенција за медиуми[14], која нема таква надлежност за печатените медиуми. За нив важат казнените одредби предвидени во повеќе закони.

Личната одговорност на новинарите, пак, е санкционирана според *Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета*[15], каде што за делата клевета и навреда, предвидени се парични износи што можат да му се изречат на новинарот и медиумот - до две илјади евра за новинарот/автор на информацијата, до 10 илјади евра за главниот уредник и до 15 илјади евра за сопственикот на медиумот.

[13] Службен весник на РМ бр.6/1998, 98/2000, 48/2009
[14] Поранешен Совет за радиодифузија
[15] Службен весник на РМ бр.143/2012

Затоа:

❖ Новинарите треба да објавуваат точни и проверени информации, во кои нема да прикриваат суштински податоци и да фалсификуваат документи, и ќе ја почитуваат приватноста на личноста, освен кога јавниот интерес е посилен од приватниот.

❖ Информирањето во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободено од сензационализам.

❖ Во текот на судските постапки новинарите треба да го почитуваат принципот на пресумпција на невиност, да известуваат за сите страни вклучени во спорот и да не сугерираат пресуда.

❖ Новинарите не смеат да интервјуираат или да фотографираат деца-жртви или сведоци под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лицата со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

❖ Новинарите нема да говорат со јазикот на омразата и нема да поттикнуваат на насилство и на дискриминација по каква било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална или политичка определба).

Во домашното законодавство, заштитата на сведоците е регулирана со *Законот за заштита на сведоци*[16]. За тој што ќе открие идентитет на заштитен сведок предвидена е казна затвор од најмалку 4 години, доколку настанат тешки последици по здравјето на сведокот или смртни последици, тој што го открил идентитетот на заштитениот сведок ќе се казни и со казна затвор од најмалку 8 години, најмалку 15 години или со доживотен затвор. Заштитата на сведоците и жртвите е регулирана и во Законот за кривичната постапка.[17]

[16] Службен весник на РМ бр.38/2005, 58/2005
[17] Членови 226-232, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012



Водич за новинари низ кривичната постапка

*Законот за класифицирани информации*[18] е посебно важен и новинарите мора да го познаваат бидејќи можат да дојдат до документи кои се класифицирани и кои можат да им создадат проблем доколку се објават во таква форма. Информациите можат да бидат класифицирани како: интерни, доверливи, строго доверливи и државна тајна. Важноста на класифицираните информации им создава проблем на новинарите, затоа што нивниот пристап до одредени документи е отежнат поради класификацијата, па имателите на информации, повикувајќи се на овој закон, одбиваат да ги дадат информациите, не секогаш правејќи го споредбениот тест каде е поголем јавниот интерес, што од друга страна всушност е интенција на *Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер*[19].

Овој закон ја обезбедува јавноста и отвореноста во работењето на имателите на информации од јавен карактер до кои право на пристап имаат сите правни и физички лица.

И Судскиот деловник[20] предвидува доколку било кое лице врши увид во судски предмет, прво да се отстранат сите класифицирани информации, па да се дозволи увидот. Службениците пак, кои дошле во допир со класифицирани информации се должни да ја чуваат тајната, како што утврдува законот.

Објавувањето на класифицирани информации со највисок степен, строго доверливо или државна тајна претставува основ за кривична одговорност на новинарите.

Покрај овие закони, тоа што е важно за новинарите кои известуваат за судски постапки се и одредбите од *Законот за заштита на личните податоци*[21]. Новинарите мора да се внимателни кога станува збор за користење на фотографии и снимки од судски постапки, да не се наруши приватноста на обвинетите. Исклучок се само јавните личности или предмети каде што преовладува јавниот интерес. Јавниот интерес мора внимателно да се процени и да се види кој податок би бил од интерес на јавноста, независно што е личен податок.

[18] Службен весник на РМ бр.9/2004, 16/2005, 113/2007, 145/2010, 80/2012
[19] Службен весник на РМ бр.13/2006, 86/2008, 6/2010
[20] Службен весник на РМ бр.66/2013
[21] Службен весник на РМ бр.7/2005, 124/2010, 135/2011

Кога станува збор за малолетни лица, личните податоци не смеат да бидат објавени без соодветна заштита или употреба на иницијали, доколку се објавува фотографија од малолетно лице треба да има замаглување на ликот, дисторзија на гласот и замаглување на ликот при интервју или дел од аудио видео презентација итн. Малолетните лица не можат сами да се согласат дали одредена информација што се однесува на нив ќе биде јавна или не. Согласност за објавување на лични податоци за малолетни лица, новинарите мора да бараат од нивните родители или старатели. Дури и кога е добиена согласност, медиумите мора да водат сметка за последиците кои што можат да настанат со објавувањето на личните податоци на малолетното лице.

Законот за заштита на личните податоци утврдува дека снимањето и објавувањето на податоци за лица против кои се води судска или управна постапка е спротивно на одредбите од овој закон, бидејќи на тој начин се нарушува принципот на пресумпција на невиност. Се препорачува во сите случаи каде што јавниот интерес е голем и оправдан, медиумите да обезбедат соодветно анонимизирање за лицата кои се директно инволвирани во постапките што се во тек, како што тоа се прави со објавување на анонимизирани одлуки[22] додека тие не станат правосилни.

Во текот на судските постапки новинарите ќе се доведат во ситуација да пишуваат и да известуваат за лица, учесници во кривичната постапка, кои ќе бидат спречени да присуствуваат од здравствени причини или во текот на главниот претрес ќе се откријат податоци за нивната здравствена состојба. Податоците за здравствената ситуација на одредено лице спаѓаат во категоријата на чувствителни лични податоци, па поради тоа е забранета и нивната обработка. Податоците за здравјето на граѓаните но и за јавните личности не смеат да бидат јавно објавувани. Медиумите во известувањата од судските постапки мора да се воздржат од изнесување на детали за болести, и мора да ги сведат известувањата на формулација дека одредено лице, учесник во постапката од здравствени причини не присуствувало во судот.

[22] Видете го Упатството на Министерството за правда за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, Службен весник на РМ бр.44/2011, Прилог 5 на овој Водич





### 2.2. Надлежност на судовите

а) Основни судови

Во прв степен судовите судат во совети составени од двајца судии и тројца судии-поротници за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 15 години или доживотен затвор, а во совети составени од еден судија и двајца судии-поротници за кривични дела за кои е пропишана поблага казна. За кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до пет години во прв степен суди судија поединец. Графиконите подолу ја прикажуваат стварната надлежност на основните судови во кривичните предмети:

ОСНОВНИ СУДОВИ со основна надлежност →

Одлучуваат во прв степен по кривични дела и прекршоци:

- За кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,
- За кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност,
- Да спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност,
- За сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државната управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања
- За жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови

ОСНОВНИ СУДОВИ со проширена надлежност

Покрај надлежноста како основни судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, одлучуваат и по кривични дела:

- За кои со закон е предвидена казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица,
- Да спроведуваат истрага и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност,
- Да постапуваат по предмети за екстрадиција,
- За жалби и приговори за постапките за кои се надлежни, и
- Да решаваат за постапки за меѓународна правна помош утврдена со закон.

Основниот суд Скопје I Скопје е кривичен суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново. Во овој суд е формирано специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција и тоа за територијата на целата држава.

"(...) Специјализираното судско одделение е надлежно да суди за:

- кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист,

- кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,

- кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5, примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

- кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супсанции и прекурсори од членот 215 став 2, перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а, злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите. (...)"[23]

б) Апелациони судови

Работата од својата надлежност апелационите судови ја извршуваат во совети од петмина судии (за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 15 години или доживотен затвор) или од тројца судии (за кривични дела за кои е пропишана поблага казна). Кога суди во втор степен на расправа, советот е составен од двајца судии и тројца судии поротници. Седниците на судските совети, со исклучок на јавните седници, се одржуваат без присуство на јавноста. Фотографирање на јавните седници може да се врши со претходно одобрение на Претседателот на судот.

АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ

Се надлежни:

- Да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје,
- Да решаваат за судир на надлежности меѓу судовите од прв степен од своето подрачје,
- Да вршат други работи определени со закон (на пр: изземање на претседател на основен суд, делегирање на друг месно надлежен суд итн.)

[23] Член 32, Закон за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010

в) Врховен суд

Врховниот суд суди во совети составени од петмина судии. Доколку е поднесено барање за заштита на законитоста против одлука на Врховниот суд, за барањето Врховниот суд одлучува на општа седница. Врховниот суд на општа седница е надлежен да утврдува и разгледува разни прашања во врска со работата на судовите и судиите, примената на законите и судската практика.[24]

ВРХОВЕН СУД →

Е надлежен:

- Да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон,
- Да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови,
- Да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон,
- Да решава за судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови, судир на надлежност меѓу Управен суд и друг суд и да решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови,
- Да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред домашните судови и во согласност со правилата и принципите на ЕКЧП и праксата на ЕСЧП
- Да врши други работи определени со закон. надлежен суд итн.)

[24] Член 37, Закон за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010.





## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Основна цел на Законот е да се овозможи правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка.

Во краток временски период, казненото процесно право претрпе огромни промени, не само поради структуралните промени во државната власт и нејзиниот однос спрема граѓанинот како субјект на казнената постапка, посебно во случаите на тешките форми на казнивите дела, туку и поради општиот напредок на науката и технологијата. Напредокот донесува нови можности за утврдување на фактите во казнените постапки, но има отворено правни прашања за допуштеноста на нивната употреба. Од друга страна и глобализацијата како процес на формирањето на темелите на новите култури на човештвото во XXI век посебно после политичките промени предизвикани со колапсот на земјите од таканаречениот реален социјализам и промените во нивните казнени права во поширока смисла на зборот, доведе до промена на сфаќањата за казненото право како исклучително внатрешна работа на националните држави. Ваквата ситуација ги отвора границите на странските влијанија, кои дотогаш беа речиси непознати. Тие влијанија можат да доаѓаат од правната структура на другите држави или што е позначајно од меѓународното казнено право како правна гранка која добива на значење во последните педесет години и која денес го регулира прашањето за надлежноста и постапката пред различни меѓународни казнени судови.

Секоја држава различно реагира на таквите појави. Казнените судови, но и казнените механизми во заштитата на темелните права и слободи (на пример: националните уставни судови, различната наддржавна контрола од телата за примена на многубројните меѓународни договори за човековите права, како што се меѓународните судови, набљудувачките тела (monitoring bodies), невладините организации итн) на различен начин ги пронаоѓаат одговорите на главното прашање за целта и смислата на современото казнено процесно право. Прашањето гласи: „на кој начин казненото процесно право треба да ги пропише претпоставките за превземање и обликот на дејствија во казнената постапка?“, при тоа сфаќајки ја казнената постапка како збир на дејствија кои одредени субјекти ги превземаат во случај на веројатност дека е сторено казнено дело, а со цел за пронаоѓање и евентуално казнување на виновникот,

кое треба да се разликува од структурата на правните норми на казненото процесно право, односно постапката кои ја регулираат.

Тие норми се традиционални во некои правни системи, како што се францускиот и англискиот кои постапката ја нарекуваат казнена процедура според која е неопходно да бидат одредени субјектите кои ги превземаат дејствијата, а со цел да бидат востановени најдобрите процесни аранжмани за осигурување на добриот квалитет и зачувување на поединечните дејствија за подоцнежниот тек на постапката, како и гаранциите за почитување на личните и имотните права на граѓаните на кои постапката се однесува. Само така правно уредената казнена постапка може да спречи „никој невин да не биде осуден“, односно истовремено да овозможи „на сторителот на кривичното дело да му биде изречена казна или друга мерка под условите предвидени во законот и врз основа на законито спроведена постапка пред надлежниот суд.“[25]

Новиот Закон за кривичната постапка значи ново современо право реформирано согласно еворпските текови, кое треба да обезбеди модерна казнена постапка во која максимално ќе се почитуваат човековите права и слободи, но истовремено ќе биде крајно ефикасно.

### 3.1. Општи правила врз кои се заснова новиот Закон за кривичната постапка

Едно од основните начела на кои почива новиот Закон за кривичната постапка е **началото на правично судење** во согласност со правото и практиката на Европската конвенција за човековите права. Лицето обвинето за кривично дело има право во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд, во контрадикторна постапка да може да ги оспорува обвиненијата против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана.

Во последно време начелото на правичната постапка во некои европски континентални земји се јавува како основен камен темелник и интерпретациско начело како за толкување на неодредените правни поими кои законодавецот понекогаш ги користи, така и за пополнување на правните празнини. На пример: прашањето дали сведокот има право на процесен помошник; како да се одлучи за допуштеноста на користењето на искази на таканаречените

[25] Види стр. 59, 60 - *Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи,* Јован Илиевски, докторски труд.





скриени истражители и останатите полициски службеници кои активно учествувале во криминалната дејност на групата против чии припадници се води казнената постапка; како судот мора да реагира на приговорот на одбраната дека постапката неоправдано се одолговлекува, а обвинетиот цело време седи во притвор, и на многу други прашања.[26]

Правото на правично судење[27] е темелно човеково право кое во својата поширока содржина опфаќа[28]:

- права во постапката пред судењето, во кои спаѓаат правото на слобода, правото на известување на лицето кое е лишено од слобода, правото на бранител, право на комуницирање со надворешниот свет, правото на доведување пред судија, правото на испитување на основаноста на лишувањето од слобода, како и правата во тек на лишувањето од слобода,
- права на со закон востановен, независен и непристрастен суд, јавно чесно судење во разумен рок во, со закон, уредена постапка,
- права во текот на судењето, во постапката, во кои спаѓаат правото на материјална и формална одбрана, правото на лична присутност на судењето, правото на испитување на сведоците на обвинението и одбраната, правото на жалба, правото на добивање на соодветно време за подготвување на одбраната, повеќе права во текот на испитувањето, презумпцијата на невиност, забрана на ретроактивна примена на кривичниот законик, ne bis in id*em*, како и правото на еднаквост пред судот.[29]

**Начелото на пресумпција на невиност** претставува гаранција дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Државните органи, средствата за јавно информирање и другите лица се должни да се придржуваат до начелото и со своите јавни изјави за постапката која е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.

[26] Arloth, F., Strafprozessrecht, Munchen, 1995, 8
[27] the right to a fair trial/hearing - член 6 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи
[28] Pavišić, Kazneno pravo Vijeća Europe, Zagreb, 2006, 82 – 101
[29] Amnesty International On-line Fair Trials Manual

За јавното обвинителство се особено значајни начелата на акузаторност, официјалност и легалитет.

**Начелото на акузаторност**[30] (т.н. оптужно начело) се состои во тоа што кривичната постапка може да се поведе и натаму да се води само ако постои барање од овластениот тужител и тој е во основа dominus на кривичната постапка. Гледано во потесна смисла прифаќањето на ова начело овозможува поделба на трите основни функции во кривичната постапка: гонењето, одбраната и пресудувањето и нивно доверување на различни субјекти како носители на тие функции. Субјектот на кого му се доверува функцијата на гонењето се нарекува тужител (*accusatory)*, па затоа и принципот е наречен акузаторски (тужителски, обвинителски). Постапката е врзана за барањето на тужителот да се спроведе гонење без кое постапката не може да почне, па затоа ако барањето биде повлечено, постапката се запира. Одвојувањето на обвинението од судењето е изразено низ латинската максима *Nemo judex sine actore - никој не може да биде судија без да постои обвинение*, а постапката може да се води само против лицето на кое се однесува обвинението и само за делото што е опишано во обвинението. Овој принцип настанал наспроти инквизиторскиот принцип и постапка од средниот век, според кое утврдувањето на доказите за обвинението биле во надлежност на органот на судењето, а таквата кумулација на активности кај еден единствен орган - судот, доведувало до тоа тој орган да настојува обвинетиот да се огласи за виновен, притоа занемарувајќи ја другата можност - дека обвинетиот не е виновен и дека може да биде ослободен.[31]

**Начелото на официјалност** значи дека започнувањето и водењето на постапката е службена должност на државните органи, која се врши во општествен интерес, независно од волјата на лицето кое е оштетено со кривичното дело. Ова начело воспоставува право на надлежниот јавен обвинител да го преземе кривичното гонење без оглед на ставот на оштетениот за тоа, дури и ако тој изречно се спротивставува.

Според **начелото на легалитет на кривичното гонење**[32] јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење за кривични дела кои се гонат по службена должност секогаш кога се исполнети законските услови, без оглед на тоа дали

[30] Член 17, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012
[31] Види стр. 74, 75 - *Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи,* Јован Илиевски, докторски труд.
[32] Член 18, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012





самиот е уверен во целесообразноста и корисноста на кривичното гонење во одделни случаи. Тие законски услови се следните: да постојат доволно основи на сомнение дека е сторено кривично дело, да постојат докази врз основа на кои може да се очекува донесување на осудителна пресуда и да не постојат пречки за спроведување на кривичната постапка.

Исклучок од примената на ова начело може да постои само во случаите кога самиот Закон тоа изречно го предвидува. Во некои правни системи јавниот обвинител во своето постапување не е обврзан со начелото на легалитет, туку напротив има право на опортунитет на гонењето. Ова е процесно правило кое се однесува на правно уреденото гонење од страна на јавниот обвинител, а според кое за извршување на функцијата на гонење не е потребно да постојат само одредените претпоставки во законот, туку покрај нив е потребно јавниот обвинител во секој даден случај да оцени дали преземањето на кривично гонење е целесообразно, односно опортуно, од стојалиштето на државниот интерес, имајќи во предвид, на пример, дали гонењето ќе предизвика неповолна реакција во јавноста и слично. Во домашното процесно право, како што претходно кажавме, не е усвоен принципот на опортунитет на кривичното гонење, туку важи начелото на легалитет. Сепак, постојат определени исклучоци од ова начело кои му дозволуваат на јавниот обвинител да ја оценува опортуноста на кривичното гонење. Пред се тоа се однесува за постапката спрема малолетници, а кога се работи за полнолетни сторители на кривични дела принципот на опортунитет се применува во следните случаи:

- Кога во Кривичниот законик е утврдено дека судот може сторителот на кривично дело да го ослободи од казна, ако јавниот обвинител оцени дека самата пресуда без кривична санкција не е потребна;
- Кога во Кривичниот законик за кривичното дело е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а осомничениот го спречил настанувањето на штетните последици или ја надоместил сета штета ако јавниот обвинител оцени дека кривичната санкција не е основана; или
- Осомничениот како член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение доброволно соработува пред или по откривањето или во текот на кривичната постапка и ако таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштествено значење за кривичната постапка.

**Начелото на контрадикторност** не е посебно формулирано во законот туку произлегува од правото на правично судење и процесната положба на странките во постапката. Според ова начело судот и другите државни органи кои учествуваат во кривичната постапка се должни да ги сослушаат и двете странки меѓу кои се води кривичноправниот спор *audiatur et altera pars*. Тоа им овозможува на странките да го изнесуваат своето мислење за сите спорни фактички и правни прашања кои се предмет на расправање пред судот, како и да изнесуваат докази во поткрепа на своите тези. Правото на контрадикторна постапка во кривичните предмети значи дека на обвинението и на одбраната мора да им биде дадена можноста да ги дознаат изјавите и доказите на спротивната страна.[33] Сепак, според Европскиот суд за човекови права, ова право не е апсолутно бидејќи можат да постојат противречни интереси, како на пример заштитата на сведоците. Овие причини можат да се прифатат и да дојде до отстапување од правото на контрадикторна постапка, но само кога тоа е крајно неопходно.[34]

**Начелото на усност** бара сите докази да бидат изнесени на јавната расправа пред судот во усна форма и со можност за контрадикторна расправа. Усноста овозможува најлесно и најуспешно спроведување на контрадикторноста во расправањето, оживотворување на непосредноста и јавноста и придонесува кон утврдување на вистината.

**Начелото на непосредност** е такво начело на кривичната постапка, според кое изведувањето на сите факти и докази потребни за формирање одлука мора да се одвива на јавна расправа пред судот кој ќе донесе одлука, во една контрадикторна постапка. Тоа значи дека судот фактите ги осознава без посредување на други органи, оригинерно со свои сетила и на тој начин стекнува непосредни впечатоци за сиот доказен материјал, врз кои ќе се заснова неговата одлука.

**Начелото на јавност** е едно од основните начела врз кои се заснова секоја демократска кривична постапка на една правна држава во која на контрола на јавноста треба да е подложена работата на сите државни и општествени органи, па според тоа и работата на органите на правосудството. Начелото на јавност на главната расправа и на објавувањето на пресудата е подигнат на ранг на уставен принцип. Така и нашиот Устав ја следи оваа тенденција и определува дека расправата

[33] Член 18, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012
[34] Rowe and Davies v. the United Kingdom





пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни и дека јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон.[35]

Правото на јавно судење ги опфаќа правата на јавна и усна расправа и на јавно објавување на пресудата.36 Правото на јавна расправа ја претпоставува усменоста.37 Јавната расправа е основна карактеристика на правото на правично судење.38 Јавниот карактер на постапувањето на правосудните институции ги штити странките од тајна примена на правото без надзор на јавноста. Таквиот начин на работа ја зајакнува довербата на граѓаните во судството, а исто така го вклучува и правото на присутност на странките пред судот.39 Признавањето на барањето дека примената на правото мора да биде видлива, јавноста придонесува за постигнување на целта за правична постапка.40 Јавноста ја вклучува како потесната, странечка јавност, така и поширoката јавност на која мора да и се овозможи присутност на расправите.[41]

Правото на присутност според Европскиот суд за човековите права е битно пред се во првостепената постапка во текот на утврдувањето на фактите, но доколку повисокиот суд утврдува околности значајни за исходот на постапката, тоа се однесува и на постапката пред тој суд.[42]

Ова правило го гарантира спроведувањето и на начелото на непосредност.[43] Со оглед дека Европскиот суд за човековите права секогаш го цени постоењето на повредата имајќи ја во предвид целокупната постапка водена пред домашните правосудни институции, повредата која се состои во неодржување на јавно судење во првостепената постапка, може да се исправи со одржување на јавна расправа во постапката пред повисокиот суд.[44] Од друга страна, неодржување на расправа пред жалбениот суд кој има полна надлежност да одлучува за фактичките и правните прашања и кој одлучува за вината, претставува повреда на барањето на јавно судење. Сепак, расправа во жалбената постапка не е потребна доколку повисокиот суд одлучува само за правни прашања.[45] Пресудата секогаш мора да се објави

[35] Член 102, ставови 1 и 2 од Уставот
[36] public hearing and pronouncement of judgement
[37] Fischer v. Austria; Dondarini v. San Marino
[38] Axen v. Germany
[39] Ekbatani v. Sweden; Collozza v. Italy
[40] Axen v. Germany
[41] Riepan v. Austria
[42] Kremzow v. Austria
[43] principle of immediacy
[44] Diennet v. France
[45] Ekbatani v. Sweden

јавно, па дури и во случаите во кои од расправата е исклучена јавноста.[46] Меѓутоа, доколку се работи за врховен или касационен суд на одредена држава ќе се смета дека е задоволено барањето за јавно објавување доколку пресудата е предадена во судската писарница и на тој начин им е достапна на сите.[47] Според тоа, не е доволно пресудата да им е достапна само на лицата со легитимен интерес.[48] Европскиот суд за човекови права во контекстот на водените дисциплински постапки истакнува дека ниту словото, ниту духот на Конвенцијата не го попречува откажувањето од правото на јавна расправа.[49] Ваквото откажување мора да биде сторено на недвосмислен начин и не смее да биде во спротивност со важниот јавен интерес. Ова значи дека откажувањето не може да биде премолчно.[50] Ограничувањето на правото на јавно судење и јавно објавување на пресудата посебно е оправдано во предметите кои се однесуваат на деца.[51]

### 3.2. Систематизација на Законот за кривичната постапка

Законот за кривичната постапка содржи вкупно 568 члена, кои се систематизирани во три дела:

- прв дел - општи одредби;
- втор дел - тек на постапката, и
- трет дел - посебни постапки.

Првиот дел ги регулира основните процесни начела, значење на законските изрази и други одредби, прашањата поврзани со субјектите (судовите, јавното обвинителство и правосудната полиција, жртва, оштетен и приватен тужител, обвинет и бранител и правната помош), прашања поврзани со процесните дејствија (поднесоци и записници, рокови, трошоци, имотно-правно барање, донесување и соопштување на одлуките, доставување на писмената и разгледување на списите, извршување на одлуките и заштитата на личните податоци), процесните мерки и дејствија за обезбедување на лица и докази (мерките за обезбедување присуство на лица, мерки за пронаоѓање и обезбедување лица и предмети, доказни средства и посебните истражни мерки).

[46] Campbell and Fell v. the United Kingdom
[47] Pretto et al. v. Italy
[48] Szücs v. Austria; Sutter v. Switzerland; Werner v. Austria
[49] Albert and Le Compte v. Belgium; Le Compte, Van Leuven and De Meyere v. Belgium
[50] Hakansson and Sturesson v. Sweden
[51] B. and P. v. the United Kingdom





Вториот дел од предлог законот содржи одредби во однос на текот на постапката. Постапката се состои од следниве стадиуми:

- претходна постапка во која спаѓаат предистражната постапка[52] и истражната постапка[53],
- обвинителен акт и оцена на обвинителниот акт,[54]
- главна расправа и пресуда[55] и
- постапка по правните лекови во која спаѓаат редовните[56] и вонредните правни лекови[57]

Скратената постапка[58], донесувањето на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот[59], процес во кој обвинетиот и јавниот обвинител во кривичниот предмет договараат обострано прифатливо решение на предметот за што потоа одлучува судот[60] така што договорот го заменува редовното судење и тоа доведува до заштеда на време и пари,[61] постапката за медијација[62] и постапката за издавање казнен налог[63] се регулирани во одделот Д. насловен како Забрзани постапки.

Третиот дел на Законот се однесува на посебните постапки со кои се регулираат одделни специфични постапувања, односно:

- постапката за изрекување алтернативни мерки[64]
- постапката спрема правни лица[65]
- постапката за примена на мерките за безбедност, конфискација на имот и имотна корист, одземање на предмети и отповикување на условна осуда[66]

[52] Глава XX
[53] Глава XXI
[54] Глава XXII
[55] Оддел В.
[56] Глава XXVI
[57] Глава XXVII
[58] Глава XXVIII
[59] Глава XXIX
[60] дефиниција според Black's Law Dictionary
[61] Prikladnost pregovaranja o krivici u medjunarodnim krivicnim predmetima u Bosni i Hercegovini – Ermelina Ahmetaj Hrelja, 2008.
[62] Глава XXX
[63] Глава XXXI
[64] Глава XXXII
[65] Глава XXXIII
[66] Глава XXIV

- постапката за донесување одлука за пократко траење на казната на забрана, престанување на правните последици од осудата и бришење на осудата[67]
- постапката за надоместок на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода[68], и
- потерницата и објавата.[69]

Во Законот сите членови имаат наслов што придонесува за полесно снаоѓање на корисниците во практиката, но има значење и за толкувањето на законските одредби, бидејќи насловот ја изразува и целта и смислата на одредбата.

### *Доказни средства и доказна постапка*

Доказни средства предвидени во Законот за кривичната постапка се:

1. Исказ на обвинетиот
2. Испитување на сведоци
3. Увид и реконструкција
4. Вештачење
5. Снимка и електронски доказ

Според новата постапка предлагањето и изведувањето на доказите им е препуштено на странките. Во текот на доказната постапка доказите се изведуваат по правило по следниот редослед:

- докази на обвинението,
- докази на одбраната,
- докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната (реплика),
- докази на одбраната како одговор на побивањето (дуплика), и
- доказите кои се од значење за одмерување на кривичната санкција.

[67] Глава XXV
[68] Глава XXVI
[69] Глава XXVII



Водич за новинари низ кривичната постапка

Во текот на презентирањето на доказите на обвинението, односно на одбраната, спротивната странка има можност во одредени процесни форми да одговори, додека судот има многу ограничени можности во текот на изведувањето на доказите. Новиот Закон за кривичната постапка предвидува целосна новина во однос на начините на испитување.[70] Спротивно на досегашната пракса според која судот имаше активна улога и го вршеше испитувањето, а странките на крајот од испитувањето поставуваа прашања и тоа не директно, туку повторно преку судот, сега согласно новиот Закон, странките го вршат испитувањето, а судот се пасивизира. Имено, при изведување на доказите дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување. Директното испитување го врши странката која го предложила сведокот односно вештакот како доказ.[71]

Кога странката ќе заврши со директното испитување, пристапува спротивната странка која врши вкрстено испитување на сведокот или вештакот.[72]

Додека кај директното испитување важат правилата што на сите ни се добро познати (забрана за сугестивни прашања, прашања во кој е содржан одговорот и слично), кај вкрстеното испитување тие правила не важат и странката може да поставува прашања на кои сведокот или вештакот ќе даде краток одговор, најчесто со „да“ или „не“. Исказите прибавени во истражната постапка можат да се користат при вкрстено испрашување или при побивање на изнесени наводи или во одговор на побивањето. Дополнителното испитување[73] го врши повторно страната која го повикува сведокот односно вештакот и прашањата кои се поставуваат при ова испитување се ограничени на прашањата поставени во текот на испитувањето на спротивната страна. Во вкрстеното и дополнителното испитување на странките, при поставувањето на прашањето, може да им помагаат техничките советници.[74]

По завршувањето на испитувањето на странките, претседателот и членовите на советот може да поставува прашања на сведокот односно вештакот.

[70] Член 388, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012
[71] examination-in-chief
[72] cross-examination
[73] re-examination
[74] Член 21, точка 19 од Законот за кривичната постапка, Случбен весник бр.150/2010, 100/2012: *“ (...) 19) Технички советници се стручни лица од регистарот на вештаци кои странките ги ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област. (...)“*

### ➢ *Напуштање на супсидијарната тужба*

Со новиот Закон за кривичната постапка се напушта супсидијарната тужба. Според овој концепт единствен овластен тужител за кривичните дела што се гонат по службена должност е јавниот обвинител. Законот предвидува јавниот обвинител со решение да ја отфрли кривичната пријава ако од самата пријава произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело. Причините за отфрлање на кривичната пријава се идентични како и во претходниот Закон за кривичната постапка, но постапката што следува по донесувањето на решението е различна. Имено, решението за отфрлање на кривичната пријава му се доставува на оштетениот со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител, а подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето. Доколку жалбата е недозволена или ненавремена повисокиот јавен обвинител писмено ќе го извести оштетениот. Повисокиот јавен обвинител во рок од 30 дена по приемот е должен да одлучи по жалбата на оштетениот. Постапувајќи по жалбата, повисокиот јавен обвинител може со решение да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или жалбата да ја уважи и да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.

### ➢ *Спогодување на јавниот обвинител со осомничениот*

Новиот Закон за кривичната постапка содржи одредби кои за првпат во нашето казнено-процесно законодавство ја регулираат можноста за спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот за видот и висината на кривичната санкција, предвидуваат поинаков статус на изјавата за признавање на вината во фазата на контрола на обвинението и на признанието дадено во текот на главната расправа во редовната постапка, како и во текот на расправата во скратената постапка одошто тоа беше досега случај со признанието што обвинетиот можеше да го даде пред судот.[75]

[75] Бужароска, Г., Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужароска, Мајкал Г. Карнавас, Дејвид Ре), Скопје, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2010.





Осомничениот, пред започнувањето на првото испитување, ќе се информира и за правото на спогодување за вината со јавниот обвинител.[76]

Од законските одредби недвосмислено произлегува дека субјектите на преговорањето за вина се јавниот обвинител од една страна и осомничениот и неговиот бранител од друга страна. Во секој случај субјектите на преговорањето се странки и самото преговорање за вина по правило треба да се одвива помеѓу бранителот и обвинителот. Во оваа фаза судот не учествува.

### ➢ *Заштита на истрагата и правата на лицата во постапката*

Неодмерениот и тежок јавно изговорен збор може да има особено тешки последици, па дури и да биде безбедносно опасен за определени лица, токму поради злоупотребата на слободата на изразувањето, односно на слободата на информирањето. Претставниците на медиумите секогаш треба да се свесни дека во едно општество за никого не постојат неограничени права, односно дека правата на сите се меѓусебно условени.

Во оваа смисла

во текот на истражната постапка:

- Забрането е да се открива идентитетот на малолетните лица.
- Забрането е да се открива идентитетот на заштитените сведоци.
- Сите податоци во истрагата се тајни.

Легитимен е интересот на медиумите да информираат за секоја фаза на кривичната постапка, но медиумите треба да ги почитуваат со закон прецизираните причини за ограниченото и привремено „ембарго“ на информациите за казнените дела и сторителите во одредени фази од постапката. Ваквите мерки мораат да бидат оправдани со интересот за заштитата на животот и здравјето на луѓето и другите општи добра, како и потребата казнените дела да бидат расветлени, а сторителите изведени пред лицето на правдата.

[76] Член 206 став 6, Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр.150/2010, 100/2012

Не е професионално доколку медиумите, во трката по информации и во настојувањата да бидат први, „истрчуваат“ со објавување на доверливи информации и на тој начин да му помогнат на сторителот на казненото дело да го избегне апсењето или гонењето.[77] Дури после поднесувањето на обвинението и негово потврдување јавноста може да знае детали за некој предмет.

## 4. “ЈАВНОСТА“ ВО ТЕКОТ НА ПРЕДИСТРАЖНАТА И ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА

### 4.1. Известувања за работата на правосудните институции

Јавноста има право да добие правовремена информација за активностите на јавното обвинителство и судовите. Известувањето за кривичните постапки ја прават примената на кривичните закони и функцијата на јавното обвинителство и судовите видлива, и на тој начин се осигурува јавност и увид во работата на правосудниот систем. Во интерес на зајакнување на професионалното известување за истрагите и судските процеси постои потреба од донесување на препораки за оние кои известуваат. Ваквите препораки би требало да најдат свој одраз во Етичкиот кодекс на новинарите во државата.

Јавното обвинителство односно правосудните органи инволвирани во текот на претходната постапка, односно во предистражната фаза или таканаречена полициска истрага, како и во текот на фазата на истражната постапка, треба да им овозможат на новинарите добивање на потребни информации. Тие треба да бидат во вид на соопштенија за јавноста, изјави, интервјуа, редовно ажурирање на интернет страната на јавното обвинителство, фотографии, аудио и видео записи. Во оваа насока јавното обвинителство веќе активно работи на изготвување на Стратегија за односи со јавноста[78] која меѓу другото предвидува основање на оддел за односи со јавност, поставување одговорни лица и соодветна опрема, развивање на програма за презентација на информации во јавност (соопштенија за јавност, изјави

[77] Стр. 8, Водич за новинари низ кривичната постапка, Институт за медиуми на Црна Гора

[78] Стратегијата за односи со јавноста на јавното обвинителство е во процес на изготвување од страна на тим од домашни и меѓународни експерти, како дел од заедничкиот проект на Секторот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Јавното обвинителство.





и интервјуа, вештини за јавен настап, кризна комуникација – контрола на штета), развивање на алатки за следење на медиумите, реакции и одговори на објавени неточни информации.

Текстот подолу претставува дополнително видување за унапредување на односот на јавното обвинителство кон медиумите и дава низа препораки кои во иднина би можеле дополнително да се разработат и да најдат соодветна примена.

### 4.2. Препораки и предлози за начини на информирање од страна на јавното обвинителство

Информациите кои се проследуваат од јавното обвинителство преку соопштенија за јавноста треба да бидат кратки и разбирливи и да дадат одговор на основните прашања (кој, што, кога, каде и како).

➢ *Зошто кратки и разбирливи информации?*

- Кратките информации можат да најдат место во вестите, дневниците, телевизиските и радио станици, како и во новинарските статии.
- Разбирливите информации пренесени на едноставен и разбирлив начин се потребни за да може најпрво новинарот и уредникот да ги разберат, а потоа да може соодветно да ги пренесат во јавноста, имајќи во предвид дека сите новинари не се правници.
- Информациите од јавното обвинителство треба да бидат соопштени благовремено.

Најдобро време за проследување на информацијата е во утринските часови или раните попладневни часови бидејќи во медиумските куќи постои одредена постапка за процесуирање на информациите. Дневните весници се затвораат во вечерните часови, а главните дневници на телевизиите се околу 19.00 - 19.30 часот. За веста да се најде истиот ден во медиумите, потребно е да биде готова до 17.00 часот, за да може да биде одобрена од уредникот, лекторирана или монтирана. Се разбира освен во исклучителни ситуации, кога сето ова се прилагодува на ситуацијата. Информацијата која ќе стигне во вечерните часови,

а нема исклучителна важност, нема да најде место во медиумите. Кога станува збор за исклучително интересни прашања, кои се значајни за општеството во кое живееме, јавното обинителство треба да се обрати до медиумите или преку соопштение за јавноста во кое ќе даде одговор на погоре наведените прашања или да организира конференција за новинарите. Конференциите за новинарите се исклучително значајни и кога јавното обвинителство сака да ја претстави својата работа.

> ***Препорака***: Конференциите за новинарите да се организираат на полугодишно или на годишно ниво, а на дневна основа кога станува збор за ситуации кои во тој момент се од интерес за јавноста.

Со цел информацијата да биде потполна потребно е давање на фотографии, кои често во медиумите, особено пишуваните, зборуваат повеќе од текстот или аудио или видео запис, зависно од тоа кој медиум е во прашање.

> ***Препорака***: Во ситуации на апсење на лице за кое јавноста несомнено ќе покаже интерес, за јавното обвинителство е најдобро да свика конференција за новинарите, во текот на која новинарите ќе ги снимат и фотографират соговорниците.

➢ *Како да се добијат информации од јавното обвинителство?*

Често пати новинарите работат на анализи, приказни или настани кои се од исклучителна важност за граѓаните. Доколку некој новинар работи на тема за одреден вид на криминалитет како што е на пример криумчарење на лица, проституција или друг вид на злосторства, вообичаено се јавува во јавното обвинителство за да дознае дали постојат некои истраги и колку обвиненија постојат за таквите дела. Ова сè почесто ќе се случува во иднина, со оглед на тоа дека новиот Закон за кривичната постапка според кој јавното обвинителство ќе ја води истражната постапка, веќе е во примена од 1 декември 2013 год. Имајќи ги во предвид новите надлежности на јавното обвинителство, новинарите во оваа фаза на постапката неминовно ќе бидат упатени да се обраќаат до него, а не како досега, до судот.

> ***Препорака***: Јавното обвинителство треба да определи соодветни стручни лица кои можат да одговорат на новинарските прашања, а притоа да не се загрози евентуалната истрага и нејзината тајност.





Недавањето на соодветна изјава ќе предизвика најразлични сомневања и шпекулации и опасноста јавноста да биде погрешно информирана е значително поголема. Понекогаш изјавата само дека постои истрага против неколку лица е сосем доволна да се спречат шпекулациите за работата на институциите.

Обвинителствата можат да се обратат на јавноста и кога не постои некој конкретен настан. Како пример би ја посочиле праксата на Трибуналот во Хаг, каде секоја седмица се одржуваат состаноци со новинарите на кои истите можат да добијат одговори кои се интересни за јавноста. На тој начин можат да се изнесат проблеми кои се однесуваат и на обвинителските кадровски или технички капацитети. Со честото информирање, се спречуваат шпекулациите за работата, а јавното обвинителство ја доближува својата работа до обичниот граѓанин.

> ***Препорака***: Раководните или за тоа определени лица во јавното обвинителство би требало да се согласуваат за интервјуа или гостување во информативните емисии, но претходно треба да бидат добро подготвени. Најдобро е да ги побараат однапред прашањата на кои треба да дадат одговори. Одбегнувањето на медиумите, јавните обвинители би ги довело во непријатна ситуација, така што новинарите би ги чекале додека излегуваат од некој состанок, од судот, па дури и од нивниот дом.

Со новинарите јавните обвинители треба да се однесуваат строго професионално. Пријателство помеѓу новинар и јавен обвинител е можно само кога камерата или диктофонот се изгаснати. Новинарите често ги користат пријателските врски со јавните обвинители и честопати ги потенцираат во новинските извештаи или прилози. Освен тоа новинарите во обвинителствата имаат и лица-“инсајдери“ кои им даваат информации. Тие информации некогаш можат да бидат корисни за новинарот, но тој секогаш ја има обврската да ја провери вистинитоста на информацијата бидејќи мотивите на овие лица за давањето на одредена информација се различни и често пати можат да бидат и злонамерни.

Раководните јавни обвинители треба да спречат давање на информации кои се од интерес на работата на таа институција или кога се работи за тајни документи. Кога новинарот ќе добие некој документ користејќи ги своите „инсталации“ во јавното обвинителство, не треба да се окривува новинарот туку да се преиспитаат луѓето кои работат во таа институција. Сепак, објавувањето

на информацијата добиена на ваков начин треба сериозно да се разгледа и преиспита и новинарот да одлучи дали ќе ја објави или не. Познато е дека легално добиените информации не можат да се оспоруваат пред судовите, доколку дојде до судска постапка, но поинаква е ситуацијата со нелегално добиените документи.

Мошне значајно за објективно известување е и добивањето на обвинението кога ќе биде потврдено од надлежниот суд во стадиумот на оценка на обвинителниот акт, како задолжителна фаза според новиот Закон за кривичната постапка. Обвинението е потребно како новинарот би сфатил за што обвинетиот, по потврдување на обвинителниот акт, се товари и да добие потполна слика за одредени настани. Ниту едно објективно известување не може да биде напишано без обвинителен акт или предлог. Анонимизираниот обвинителен акт или предлог, кога се прецртани личните податоци, имињата на сведоците и слично, и натаму е обвинителен акт и може да послужи да се разбере што одредениот обвинет сторил односно за што обвинителството го товари.

> ***Препорака***: По потврдување на обвинителниот акт, истиот треба да биде достапен на барање на новинарите.

Јавното обвинителство треба редовно да ја ажурира својата интернет страница, односно да поставува податоци за својата работа, а не како што често тоа е случај во праксата, тоа да се работи на полугодишна, годишна или повеќегодишна основа.

Освен новинарите, за работата на јавното обвинителство се интересираат и научните работници, меѓународните организации, невладините организации, па дури и обичните граѓани. Јавното обвинителство и со нив би трбало да постапува почитувајќи ги погоре наведените принципи.

- *Вештина и методологија на комуникација на обвинителството и медиумите*

Ова прашање треба да биде разгледано преку:

- Интерната комуникација,





- Екстерната комуникација,
- Секојдневната соработка со медиумите,
- Брзината на дистрибуција на информациите,
- Достапноста на материјалите по пат на интернет,
- Односи со другите правосудни институции и органи на кривичниот прогон,
- Потешкотии и проблеми, и
- Насоки за соработка во иднина.

Органите на кривичниот прогон и правосудните институции секојдневно на одреден начин, проследуваат до медиумите информации или вести за работата по предметите. Поради тоа потребно е да постои добро регулирана интерна комуникација внатре во институцијата, како и утврдени процедури за комуницирање со медиумите. Недостатокот во уреденоста на интерната и екстерната комуникација, може негативно да се одрази на соработката со медиумите, како и во јавноста да се создаде впечаток и негативна слика за самата институција. Поради тоа овие институции мора особено внимание да посветат на процесот на комуникација со граѓаните, претставниците на медиумите како и другите институции.

- *Што треба во иднина да се направи во јавното обвинителство?*

❖ Да се востанови функцијата службеник за односи со јавноста, преведувач, лице задолжено за изработка и одржување на интернет страницата и придружни членови по потреба за извршување на некоја задача.

❖ Интерна комуникација

- Комуникацијата внатре во институцијата претставува предуслов за добра екстерна комуникација.
- Каналите на комуникацијата внатре во институцијата, треба да бидат дефинирани, усклaдени и да бидат ефикасни.
- Значајно е правилото дека „предметот не смее да трпи“, па поради тоа треба да бидат предвидени сите ситуации кои можат

да се појават во праксата кои би можеле да доведат до отежната комуникација и за тоа да бидат предвидени решенија.

Во рамките на интерната комуникација, потребно е да бидат вклучени:

- Службеникот кој е задолжен за односи со јавноста,
- Јавниот обвинител кој постапува во конкретниот предмет или неговиот соработник, и
- Раководителот на одделот во јавното обвинителство на кој се однесува прашањето.

Треба да се внимава во овој процес да не бидат вклучени повеќе лица отколку што е потребно, затоа што тоа може само да го усложни процесот и да го забави начинот на комуникација. Во праксата можеби најсоодветно би било задолжените лица за односи со јавноста да состават текст на соопштенијата, информациите или одговорите на новинарските прашања, а потоа останатите службени лица да дадат евентуални сугестии и согласност на финалниот текст. Во рамките на договарање на интерната процедура, препорачливо е да се предвиди кое лице ќе биде замена во случај на спреченост или отсуство на лицето задолжено за односи со јавноста. На најголемиот број прашања од новинарите, медиумите или граѓаните, може да се одговори во рок од 48 часа, доколку за прашањето не се барат некои опсежни статистики или податоци. И покрај тоа што законскиот рок за проследување на информацијата е значително подолг, не треба да се одлага давањето на одговорот, ако за тоа нема причини.

Имајќи го ова предвид, интерната комуникација во јавното обвинителство:

- не треба да се однесува само на прашањата на новинарите или граѓаните,
- лицето определено за односи со јавноста треба да изработува секојдневни анализи за пишуваните медиуми и да доставува преглед на дневниот и неделниот печат на вработените во овие медиуми.
- на барање на другите вработени, лицето определено за односи со јавноста собира и доставува копии од статиите и телевизиските






прилози за кои се заинтересирани јавните обвинители или вработените во јавните обвинителства.

❖ Екстерна комуникација

При проследувањето на информациите на медиумите или давање на изјави за телевизија или радио потребно е да се внимава информацијата да биде правилно обликувана и корисна. Во телевизиските прилози времето за изјава на еден соговорник е околу 30 секунди. Слична ситуација е и со вестите на радио. Поопширна информација може да се даде во специјализирани емисии на одредена тема. Би било препорачливо информациите за работата на јавното обвинителство да се доставуваат на електронските контакт адреси на поголем број медиуми. Значајно е да се има во предвид регионалната покриеност, како и заинтересираноста на странските медиуми за одредени информации или теми.

❖ Интернет страница и електронска адреса

Потребно е институциите да имаат именувано *web* редакција, составена од вработени кои се грижат за креирање и поставување на содржини на интернет страницата на институцијата. Во работата на *web* редакцијата, треба да бидат вклучени овластените лица за односи со јавноста, лицата од ИТ секторот, како и правните соработници или другите лица чиј делокруг на работа е поврзан со презентација на содржината на интернет страницата.

*Комуникација преку интернет страница* - Интернет страницата на институцијата е потребно да се ажурира секојдневно. Преку неа треба да бидат достапни податоците за јавното обвинителство, како и податоците за одделите, предметите итн. На интернет страницата, освен основните податоци и информации за институцијата, потребно е да бидат објавувани:

- Информации за поднесените обвиненија,
- Информации за лишување од слобода, расправи, како и предлози за притвор,
- Информации за вложените жалби и другите процесни чекори

кои се од интерес за јавноста и медиумите (продолжување на притвор и слично),

- Фото-галерија (галерија со фотографии од одредени настани, конференции и слично),
- Други материјали за кои ќе се оцени дека би било корисно да се информираат граѓаните (годишни извештаи и слично).

Постоењето на ажурирана интернет страница на стручната јавност и на студентите им го олеснува пристапот до информациите и документите. Исто така, се олеснува и пристапот до документи на лица кои имаат потреба од материјали од областа на казненото материјално и процесно право (закони, стручни трудови на јавните обвинители, обвиненијата, пресудите и слично). Преку електронската пошта и контактите на интернет страницата јавното обвинителство може да стапи во контакт со многу важни сведоци расселени во целиот свет или да прими анонимна пријава за некое кривично дело.

❖ Техники и методи за подобрување на пласманот на информациите

- До медиумите, заедно со информацијата корисно е да се испрати и фотографија од некој настан,
- Добрата и впечатлива фотографија може да го зголеми рејтингот на вестите во медиумите,
- Доколку постои можност, добро е да бидат повикани телевизиски камери да забележат одреден настан,
- „Сувата“ информација, без телевизиска снимка, не е интересна ниту за новинарите и уредниците, ниту пак за јавноста.

❖ Договор и координација

Договорот, меѓусебното разбирање, почитување и координација на обврските се клучни елементи за добра соработка на новинарите и органите на кривичниот прогон пред се јавното обвинителство. Планирањето на





активностите и меѓусебната комуникација е од суштинско значење за подобрување на соработката.

❖ Односи со партнерските институции

Односите со партнерските институции и агенциите за спроведување на законот се значајни заради:

- Спроведување на заеднички акции,
- Координација на активностите во информирање на јавноста во рамките на заедничките акции,
- Ефикасно и благовремено информирање на јавноста во рамките на работата по предметите, и
- Координирано и квалитетно делување во информирањето на јавноста во различни сегменти.

❖ Потешкотии и проблеми

Потешкотиите во соработката често пати можат да се јават поради:

- Кратки рокови за спроведување на постапката, од една страна и дистрибуција на информацијата, од друга;
- Недостаток на основни информации поврзани со настанот;
- Неработни денови или денови од викендите.

Со цел да се одбегнат можните проблеми значајно е да се утврди методологија за итно постапување и начин на делување во такви ситуации. Клучни елементи за добра соработка меѓу обвинителството и медиумите се:

- Разбирање на природата на работите како еден од најзначајните елементи за добра комуникација,
- Претставниците на институциите мора да имаат во предвид дека

медиумите често работат на дневна основа, а не како класична администрација,

- Претставниците на медиумите мора да имаат во предвид дека јавното обвинителство не е новинска редакција, дека има свои правила на комуникација, како и синџир на субординација на одлучување и делување.

❖ Насоки за идна соработка

За подобрување на идната соработка потребно е:

- Користење на новите технологии (мобилен интернет, камери итн.),
- Пласирање побогати содржини со информацијата (слики, видео клипови),
- Координација на секојдневната соработка преку современи средства на комуникација.

➢ *Кои информации може и треба да се проследат на медиумите?*

- Информации за поднесени обвиненија,
- Информации за лишувања од слобода и претреси извршени по наредба на судот,
- Информации за вложени жалби на првостепените пресуди,
- Информации за учество на јавниот обвинител и други лица во важни процесни дејствија (ексхумација, увид и слично),
- Информации за учество на јавните обвинители на стручни собири, едукации и посети на локалните заедници, како и
- Сите други информации кои на јавноста можат да и укажат на позитивно ангажирање и работа на институцијата.

➢ *Кои информации не смее и не треба да се доставуваат до медиумите?*

- Треба да се избегнува обелоденување на информации од истрагата,





- Дали некое правно или физичко лице се наоѓа под истрага во предмет во кој работи јавното обвинителство,
- Дали некое лице има статус на осомничен, и
- Кога и на кој начин ќе се преземат одредени активности на откривање на кривични дела или сторители.

Доколку со објавување на информацијата која не е достапна за јавност бидат исполнети битните елементи на одредено кривично дело, новинарот кој ќе ја објави таа информација може да биде гонет за тоа кривично дело. Во сите други случаи станува збор за новинарска етика која особено при постапување со вакви информации (без оглед дали се на штета или во корист на обвинетите/оштетените) треба да биде на највисоко професионално ниво.

## 5. ЧЕКОР ПО ЧЕКОР НИЗ ГЛАВНАТА РАСПРАВА

### 5.1 Контрола на обвинение

Ова е задолжителна фаза, независно дали обвинетиот и неговиот бранител изјавиле приговор против обвинителниот акт или не. Контролата на обвинителниот акт поднесен за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 10 години, ја врши судија за оцена на обвинителен акт, додека за кривичните дела за кои е пропишана казна над 10 години контролата ја врши Советот за оцена на обвинителниот акт составен од тројца судии. Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт не може да постапуваат како судечки судии во истиот предмет.

### 5.2. Јавност

➢ *Информирање на јавноста*

Во секој суд на јавно и видно место секојдневно се објавуваат податоци за бројот на предметот, судијата, датумот, часот и судницата во која се води расправата.

Секој суд најмалку еднаш годишно јавно ја информира јавноста за резултатите од работата на судот и судиите.

Странките и другите учесници во постапката што е во тек не смеат да даваат информации и оцена за текот, водењето и исходот на постапката, доколку судот забранил да се даваат такви информации.

- *Судот и односите со јавноста*

Согласно Судскиот деловник во судовите задолжително се формира канцеларија за односи со јавноста, која по поднесено барање на заинтересирано лице доставува анонимизиран примерок од неправосилната одлука или примерок од правосилната одлука објавена на веб-страницата на судот, согласно закон.

Претседателот, судиите и судските службеници во судот ги овозможуваат потребните услови за јавност на работата на судот и соодветен пристап на медиумите, за актуелните информации и постапки кои се водат во судот, водејќи сметка за интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката. Времето, местото и предметот на судењето секојдневно се објавува на видно место пред просторијата во која се одржува судењето и на видео огласна табла. За судењата за кои постои поголемо интересирање во јавноста, судската управа обезбедува просторија за прием на поголем број лица, а судскиот совет по налог на претседателот на судот го одржува судењето во обезбедената просторија.

Со цел отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот преку средствата за јавно информирање, претседателот на судот или лице одговорно за односи со јавноста определено од претседателот на судот дава информации за работата на судот, односно за текот на постапката по конкретен предмет. Претседателот на судот и лицето одговорно за односи со јавноста даваат информации за јавноста, водејќи сметка за тоа да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, односно независноста и самостојноста на судот.

По барање на претседателот на судот или лицето одговорно за односи со јавноста, овластените судски службеници, претседателот на советот, судијата поединец или советот кој постапува по предметот, навремено ги доставуваат бараните податоци. Податоците во известувањата мора да бидат точни. Не се соопштуваат класифицираните информации со соодветен степен на тајност согласно закон.

Судиите и судските службеници кои писмено или усно искажуваат мислења во свое име пред медиуми за правни, општествени и други прашања во врска со







одделни случаи од судската практика, должни се да истакнат дека го изнесуваат сопственото мислење.

- *Јавност на главната расправа*

По правило, главната расправа е јавна и на истата може да присуствува секое полнолетно лице. Ваквото присуството не е условено со докажување на постоење на некаква релација со обвинетиот, оштетениот или другите учесници во кривичната постапка, постоењето на професионален или личен интерес за следење на судскиот процес. Новинарите-известувачи и граѓаните можат да присуствуваат на јавните рочишта пред судовите без обврска претходно да имаат одобрение од судот. Судот обезбедува услови за нивното присуство и работа.

- *Исклучување на јавноста*

Од отворањето на заседанието, па до завршувањето на главната расправа, Советот (Судечкиот совет) може во секое време по

- службена должност
- по предлог на странките или оштетениот

да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата расправа, ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на малолетникот. Поради природата и тежината на кривичното дело, околностите под кои истото е сторено, како и поради постоење на други специфични околности (возраст, посебен статус на сведокот, начинот на прибавување на доказниот материјал и сл.), може да се насети дека на главната расправа јавноста ќе биде исклучена, но сепак, одлука за тоа може да донесе само судечкиот совет со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено – најрано во фаза на заседание.

Практично, ова значи дека ЗКП не нуди можност јавноста од текот на главната расправа да биде исклучена *a priori* преку издадено соопштение во јавноста или истакнување известување со таква содржина на официјалната веб страна на судот, а пред воопшто да дојде денот за судење, односно пред почетокот на заседанието на денот кога е закажана главната расправа.

#### *На кого не се однесува исклучувањето на јавноста*

Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, оштетениот, нивните законски застапници и полномошници, како и на бранителот, освен во случаи определени со закон.

#### *Одлука за исклучување на јавноста*

Одлука за исклучување на јавноста донесува судечкиот совет со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено.

#### *Санкција поради незаконита одлука за исклучување на јавноста*

Исклучувањето на јавноста спротивно на Законот претставува суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка на која повисокиот суд внимава ако е истакната во жалбата.

#### *Одржување на редот во судницата*

Сите присутни во судницата се должни да го почитуваат редот во судницата и да се придржуваат кон инструкциите што претседателот на советот ги дава во функција на одржување на редот. Судечкиот совет може да нареди од заседанието да се отстранат лицата кои како слушатели присуствуваат на главната расправа, доколку тие и по опомената го нарушуваат одржувањето на главната расправа. Отстранувањето на овие лица од судницата претставува мерка за санкционирање поради непочитување на редот во судницата, насочен е кон конкретно лице кое што не се придржува кон упатствата на судот и во никој случај ваквата одлука не значи исклучување на јавноста од главната расправа.

Во функција на непречено одвивање на текот на главната расправа и одржување на редот во судницата, претседателот на советот со цел да се одржи редот во судницата, може

- Да го ограничи бројот на лица кои како слушатели присуствуваат на главната расправа, а во зависност од просторните можности што ги нуди судницата и од проценката за можни безбедносни импликации. Ова со цел да се создаваат услови за редовен тек на расправата и да се спречи контакт и вербална комуникација помеѓу јавноста и учесниците во кривичната постапка.





#### *Филмски и телевизиски снимања на главната расправа*

По одобрение на претседателот на Врховниот суд, кое треба да се обезбеди најмалку пет дена пред денот на одржување на главната расправа, во судницата може да се врши филмско и телевизиско снимање. Сепак, и покрај ваквото одобрение, судечкиот совет може да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат. Судечкиот совет има дискреционо право да забрани снимање на членовите на советот, а по нивно барање и на некој од учесниците во постапката. Од практичен, но пред се, технички аспект, начинот на кој се врши фотографирање, снимање во кривичната постапка, репродуцирање на снимката и известување, подетално е разработено во Судскиот деловник.

Па така е наведено дека визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање, известување и фотографирање во кривичната постапка и јавно прикажување (репродуцирање) на снимката се врши по одобрение на претседателот на Врховниот суд, по претходно прибавено мислење од претседателот на советот, судиите, на начин предвиден со закон.

#### *Снимање и фотографирање во зградата на судот*

Надвор од судењето, снимањето и фотографирањето во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот кој раководи со зградата.

#### *Одобрение за снимање и фотографирање во кривичната постапка*

Претседателот на Врховниот суд врз основа на поднесено писмено барање дава одобрение за снимање или фотографирање во конкретен кривичен предмет.

1. Во кој рок треба да се поднесе барањето?

Барањето мора да се поднесе во рок од пет дена пред закажаното рочиште.

2. Што ако се пропушти рокот од 5 дена?

Ненавременото барање нема да биде отфрлено ако се оправдани причините за доцнењето.

3. Содржина на барањето

Барањето содржи:

- назначување на бројот на предмет за кој се бара одобрение;
- назив на јавното гласило (медиумската куќа);
- имињата и составот на екипите за известување (снимателот, фотографот, асистентот и други);
- опис на техничката опрема што се внесува во судницата и планираниот начин на следење (видео, аудио, фото и друго);
- назначување на терминот во кој би се извршило снимањето на точно одредено судење или на учесникот во постапката надвор од судењето во судската зграда.

➢ *Критериуми*

При донесувањето на одлука за давање одобрение за снимање и фотографирање се води сметка за интересот и довербата на јавноста, природата на случајот, интересот на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката. Снимањето и фотографифањето се одвива под надзор на судијата, односно претседателот на советот на начин со кој се обезбедува непречен тек на постапката, ред во судницата и почитување на достоинството на судот.

➢ *Прекин или ограничување на снимање и фотографирање*

Судскиот деловник пропишува дека снимањето и фотографирањето во судот може да се прекине или ограничи:

- по барање на странките, а по одлука на судот, во било кое време;
- ако со одлука на судот е исклучена јавноста за дел од постапката

  или за одредено процесно дејствие, поради постоење на законски причини;
- ако сведокот - оштетениот од кривичното дело го бара тоа, за време додека трае неговото сведочење;
- ако судот најде дека некој учесник во постапката би можел да биде изложен на опасност, срам, настанување на штета или би можеле да настанат пречки во примената на законските мерки на принуда или сако поради природата на доказите што треба да се изведат тоа е задолжително (сослушување на заштитени сведоци, малолетници и др.).





➢ *Просторни и технички услови за снимање и фотографирање*

Одобрението за медиумско следење на судењето подразбира и обезбедување на соодветна судница. Согласно Судскиот деловник, во судницата се обезбедува посебен дел за медиумските екипи и набљудувачите, ограден или посебно означен, доколку е можно со посебен влез. За да се обезбеди сместување во резервираниот дел на судницата, новинарите и набљудувачите го известуваат судот за намерата да присуствуваат. Судскиот службеник, односно припадник на судската полиција се грижи лицата кои имаат одобрение да ги заземат резервираните места, како и новинарите и набљудувачите за чие присуство не е потребно посебно одобрение.

По барање на судијата, судскиот службеник или припадникот на судската полиција, новинарот ја дава на увид новинарската легитимација и го соопштува името на медиумската куќа за која известува. Не е дозволено давање предност на една медиумска куќа при давањето одобрение или при сместувањето во резервираниот дел од судницата.

На медиумската куќа што поднела барање за одобрение за медиумско следење на судење, може да и се дозволи да внесе едно видео или ТВ-камера, еден аудио систем и два фотоапарати (најмногу со два објективи), со тоа што секоја од наведените техники ја користи по едно лице.

➢ *Непречен тек на судскиот процес*

Согласно Судскиот деловник, снимателите и фоторепортерите не смеат во текот на снимањето да се движат, да прават движења или да заземаат положба која може да го одвлече вниманието или да го наруши редот во судницата. Микрофоните и соодветната инсталација се монтираат претходно на местото кое го одредува судијата. Микрофоните мора да имаат прекинувач за привремено исклучување. Снимателската и другата опрема (мобилните телефони, компјутерите) не смеат да произведуваат ефекти кои го одвлекуваат вниманието. Опремата не може да се внесува или изнесува од судницата без одобрение на судијата или претседателот на советот.

Согласно Судскиот деловник, судот може да го определи начинот на работа и известувањето во затворен систем од страна на интерна телевизија, со цел да се овозможи слободен пристап и преземање на видео и тонските записи (слики, тон, глас). Ако издавањето на копии значи материјален трошок за судот, тоа ќе го надомести барателот на одобрението.

➢ *Фотографирање, снимање во судот и јавно прикажување*

Фотографирањето, снимањето во судот и јавното прикажување може да се изврши врз основа на претходно прибавено писмено одобрение на претседателот на судот. Фотографирањето и видео снимањето во зграда вон текот на судската постапка го одобрува претседателот кој управува со зградата во која се наоѓаат судските простории. Фотографирањето во текот на судењето и јавното објавување на фотографиите го одобрува претседателот на советот или судијата.

При давањето на одобрението за фотографирање и снимање се води сметка за интересирањето на јавноста, интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постаката.

Фотографирањето и снимањето во судницата, по прибавеното одобрение, се одвива под водство на претседателот на советот и судиите, на начин кој обезбедува непречен тек на судењето и овозможува ред во судницата.

**5.3. Главна расправа**

➢ *Отворање на заседанието*

Претседателот на советот го отвора заседанието и го објавува предметот на главната расправа и составот на советот. Потоа, утврдува дали се присутни сите повикани лица, а ако не се присутни проверува дали им се предадени поканите и дали го оправдале својот изостанок.

➢ *Започнување на главната расправа*

Откако Претседателот на советот ќе утврди дека се исполнети сите законски претпоставки за одржување на главната расправа, односно дека не постојат процесни пречки за одржување на расправата, истата започнува со воведни говори на странките, што значи дека е напуштена концепцијата главната расправа да започне со читање на обвинението.





➢ *Воведни говори*

Главната расправа започнува со држење воведни говори. Прво зборува тужителот, а потоа бранителот и обвинетиот. Обвинетиот има право да не одржи воведен говор.

Во своите воведни говори странките можат да изнесат кои решавачки факти имаат намера да ги докажуваат, да ги изложат доказите што ќе ги изведуваат и да ги определат правните прашања по коишто ќе расправаат. Во говорите не смеат да се изнесуваат факти за поранешна осудуваност на обвинетиот. Всушност, преку воведните говори, двете страни ги воведуваат присутните во судницата со својата теорија на случајот и го објавуваат доказниот материјал што ќе биде презентиран во рамки на доказната постапка.

➢ *Изјаснување за вина на обвинетиот*

По воведните говори, а откако ќе го праша обвинетиот дали разбира за што е обвинет и откако ќе му ги даде поуките за неговите права на главната расправа, Претседателот на судечкиот совет го повикува обвинетиот да се произнесе во однос на сите кривични дела на обвинението дали се чувствува за виновен или не.

1. Ако обвинетиот ја признае вината во текот на главната расправа

По даденото признание за вината, претседателот на советот е должен да испита дали признанието е доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците поврзани со имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка.

По спроведувањето на овие дејствија, во доказната постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата. Во таков случај состојбата на фактите не може да биде причина за жалба, односно обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба.

2. Ако обвинетиот се изјасни дека не е виновен

Доколку обвинетиот се изјасни дека не се чувствува виновен по ниту една точка од обвинението, странките започнуваат со презентирање и изведување

на своите докази во рамки на доказната постапка. Во таков случај, а со оглед дека со негирање на обвинението, всушност е оспорена фактичката состојба по предметот, странките го презентираат целокупниот доказен материјал – како доказите поврзани со кривичното дело и вината, така и доказите од влијание за определување на видот и одмерување висината на кривичната санкција.

➢ *Доказна постапка*

Доказите во рамки на доказната постапка се изведуваат по следниот редослед:

- докази на обвинението и докази поврзани со имотно-правното барање
- докази на одбраната
- докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната и
- докази на одбраната како одговор на побивањето

Забележително е дека судот во текот на кривичната постапка не изведува докази по службена должност, што е рефлексија на неговата нова улога во акузаторниот модел на постапката, а тоа е улога на независен и непристрасен арбитер во кривичната постапка во која главната улога ја имаат странките врз кои лежи товарот на докажување. Исклучок е т.н. супер вештачење, односно кога при постоење на две неусогласени и противречни експертски мислења - вештачења, судот може да наложи трето т.н. супер вештачење.

Поточно, заради отстранување на противречностите во наодите и мислењата на вешти или стручни лица, судот по предлог на странките или по службена должност може да определи супер вештачење, кое се определува по електронски пат со примена на правилото на случаен избор од регистарот на вештаци, во присуство на двете странки, односно на овластениот тужител и бранителот.

➢ *Начини на испитување*

Следствено на утврдениот редослед на изведување на доказите и овластувањето што за странките произлегува од одредбите на ЗКП, судот не врши изведување на т.н. вербални докази односно не врши испитување на сведоците, вештите лица и техничките советници. Тоа значи дека странките сами ги испитуваат сведоците, вештите лица и техничките советници што ги





предлагаат како доказ во кривичната постапка. Во овој контекст, а кога се во прашање овие докази, ЗКП пропишува дека:

При изведување на доказите (вербални) дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување. Директното испитување го врши странката која го предложила сведокот, односно вештакот или техничкиот советник. Во рамки на директното испитување, по правило, не се дозволени прашања што наведуваат на одговор. Вкрстеното испитување го врши спротивната страна. Тоа е право, но не и обврска, бидејќи всушност сведокот, вештото лице или техничкиот советник се воведува како доказ преку директното испитување, а вкрстеното испитување е дозволена алатка за оспорување и дискредитација на дадената изјава. Страната што го предложила сведокот, вештото лице или техничкиот советник, може да изврши дополнително испитување кое следува по вкрстеното испитување.

➢ *Улогата на судот при испитувањето*

По завршување на испитувањето на странките, претседателот и членовите на советот можат да поставуваат прашања на испитуваните лица (сведок, вешто лице и технички советник). Ваквото законско овластување на судот, согласно неговата нова улога во процесот, треба да се разбере како поставување прашања во функција на допрецизирање, појаснување, дообјаснување на дадени одговори и поставување прашања на релевантни теми во истата насока.

➢ *Приговор на поставено прашање или даден одговор*

Судот одлучува по истакнат приговор на поставено прашање или даден одговор, согласно законските одредби и воспоставените доказни правила. Јавниот обвинител, приватниот тужител и бранителот на обвинетиот своите евентуални забелешки или несогласувања при испитувањето треба да ги апсолвираат преку истакнување на соодветни приговори.

Илустративно, тоа значи дека ја губат можноста да „хибернираат“ во процесот на испитување не поставувајќи ниту едно прашање за проверка, појаснување, дополнување или дообјаснување на дадениот исказ, а на крајот „долгометражно“ да го елаборираат своето несогласување со дадениот исказ на испитуваното лице, најчесто во стилот „...*приговарам во целост на исказот*

*на овој сведок, бидејќи овој исказ е невистинит, пристрасен, даден со цел да му се помогне на...“.*

Единствено обвинетиот ја има таа привилегија да става забелешки во поглед на исказите на испитуваните лица.

- *Испитување на непријателски сведок*

Претседателот на советот на предлог на странката што го предложила сведокот ќе одобри вкрстено испитување, ако поради исказот што го дава сведокот на главната расправа не може повеќе да се смета како сведок на странката што го предложила.

- *Испитување на обвинетиот само на предлог на одбраната*

Распитот на обвинетиот како задолжителна фаза која претходеше на доказната постапка и следствено на тоа задолжителното отстранување од судницата на сите сообвинети, без исклучок, својствено за доминантно инквизиторниот модел на кривичната процедура, е минато.

Согласно новиот ЗКП, испитување на обвинетиот се врши само ако тоа го предложи неговата одбрана. Притоа, ако има сообвинети, тие остануваат во судницата со можност за поставување прашања.

- *Дополнение на доказната постапка*

По завршената доказна постапка странките и оштетениот може да стават предлози за дополнение на доказната постапка за нови околности што се јавиле во текот на главната расправа.

Ако не бидат ставени предлози за дополнение на доказната постапка или ако предлогот биде одбиен, претседателот на советот ќе објави дека доказната постапка е завршена.

- *Завршен збор*

По завршување на доказната постапка, судот ќе ги повика тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот да го дадат својот завршен збор.





- *Завршување на главната расправа*

По прием на завршните зборови, претседателот на советот објавува дека главната расправа е завршена, а потоа судечкиот совет се повлекува на советување и гласање заради донесување пресуда.

- *Изрекување на пресуда*

Ако судот во текот на советувањето не најде дека е потребно повторно да се отвори главна расправа заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе изрече пресуда. Пресудата се изрекува и јавно се објавува “во името на граѓаните на Република Македонија“.

- *Објавување на пресуда*

Откако судот ќе ја изрече пресудата, претседателот на судечкиот совет веднаш ќе ја објави. Ако судот не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден по завршување на главната расправа, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавувањето на пресуда.

Ако јавноста на главната расправа била исклучена, изреката на пресудата секогаш ќе се прочита во јавно заседание. Советот ќе одлучи дали и колку ќе ја исклучи јавноста при објавување на причините за пресудата. Сите присутни читањето на изреката на пресудата ќе го сослушаат стоејќи.

- *Писмена изработка и доставување на пресудата*

Пресудата што е објавена мора писмено да се изготви во рок од 15-петнаесет дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 60 дена, рокови кои не можат да бидат пречекорени.

- *Одрекување од правото на жалба*

Обвинетиот може да се одрече од правото на жалба само откако му е доставена пресудата.

*ИСКЛУЧОК:* Обвинетиот може да се одрече од правото да поднесе жалба до повисокиот суд веднаш по објавување на пресудата.

Услов за тоа е:

- од правото на жалба да се одречат и тужителот и оштетениот кога имаат право да изјава жалба по сите основи, а воедно
- со пресудата на обвинетиот да не му е изречена затворска казна.

➢ *Откажување од изјавена жалба*

До донесување на одлуката на второстепениот суд, обвинетиот може да се откаже од веќе изјавена жалба. Обвинетиот може да се откаже и од жалбата што ја изјавил неговиот бранител, неговито брачен, односно вонбрачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

Треба да се појасни дека бранителот или лицата што имаат право да изјават жалба во корист на обвинетиот (брачен, односно вонбрачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител), немаат можност веќе поднесената жалба во корист на обвинетиот да ја повлечат без негова согласност. Единствено обвинетиот има законска можност поднесена жалба од друг, а во негова корист, да ја повлече до донесување на одлуката на второстепениот суд со изјава, поднесок или усно на јавната расправа пред повисокиот суд. Ваквата концепција која произлегува од законските одредби и е вградена во судската практика има за цел да го заштити обвинетиот и неговото загарантирано право на одбрана и во тој контекст да спречи можни злоупотреби. Правото на одрекување и откажување од жалба им припаѓа соодветно и на тужителот и оштетениот. Одрекувањето и откажувањето од жалбата не може да се отповикаат.

## 6. ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ

### 6.1. Скратена постапка

➢ *Дела за кои се води скратена постапка*

Статистичките податоци покажуваат дека повеќе од 80% од сите кривични предмети што се процесуираат во судовите се однесуваат на кривични дела за кои законот пропишува парична казна или казна затвор во траење до пет години. Токму затоа, а со цел што е можно поголем број кривични предмети да бидат процесуирани во скратената постапка чија главна одлика е намаленото формализирање и пократки рокови за постапување и преземање процесни дејствија, но и можност судот да ги упати странките на постапка за медиција, со новиот ЗКП е проширен опсегот на кривични дела што ќе бидат опфатени во скратената постапка пред судот што суди во прв степен. Па така, во скратена постапка ќе се суди за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до пет години.





➢ *Поведување на скратената постапка*

Кривичната постапка се поведува врз основа на обвинителниот предлог на јавниот обвинител или врз основа на приватна тужба. Концептот на обвинителен акт и обвинителен предлог на оштетен како тужител (супсидијарно обвинение) е напуштен. Практично, ова значи дека оштетениот, како во редовната, така и во скратената постапка, не може да се јави како овластен тужител, а со тоа и да добие статус на странка во кривичната постапка.

➢ *Определување притвор*

Во скратената постапка, притвор може да се определи против лице за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело, ако:

1) се крие или ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што очигледно укажуваат на опасност од бегство и

2) е во прашање кривично дело против јавниот ред или моралот, а особени околности го оправдуваат стравувањето дека осомничениот ќе го повтори тоа кривично дело или дека ќе го изврши кривичното дело со кое се заканува.

➢ *Кој може да предложи мерка притвор*

Притвор во скратената постапка може да предложи само јавниот обвинител. Приватниот тужител нема право да предлага притвор.

➢ *Кој го определува притворот*

Пред поднесување на обвинителен предлог притворот го определува судијата на претходната постапка, а по поднесување на обвинителниот предлог, надлежниот судија-поединец.

➢ *Траење на притворот*

Пред поднесувањето на обвинителниот предлог притворот не може да трае подолго од осум дена. За жалбата против решението за притвор решава кривичниот совет.

Притворот од поднесувањето на обвинителниот предлог до завршувањето на главната расправа може да трае најдолго 60 дена. Кога обвинетиот се наоѓа во притвор, судот е должен да постапува со особена итност.

➢ *Прием на обвинение во судот*

Кога судот ќе го прими обвинителниот предлог или приватната тужба, судијата претходно ќе испита дали судот е надлежен и дали постојат услови за отфрлање на обвинителниот предлог, односно на приватната тужба.

Ако судијата не донесе решение за ненадлежност или за отфрлање на обвинителниот предлог, односно на приватната тужба, тогаш ќе закаже главна расправа.

➢ *Рочиште за помирување*

Пред закажувањето на главната расправа за кривични дела од надлежност на судија поединец за кои се гони по приватна тужба, судијата поединец може да го повика само приватниот тужител и обвинетиот во определен ден да дојдат во судот заради претходно разјаснување на работите, ако смета дека тоа би било целесообразно за побрзо завршување на постапката. До обвинетиот кон поканата се доставува и препис од приватната тужба.

На ова рочиште, судијата поединец може да даде предлог приватниот тужител и обвинетиот да се упатат на постапка за медијација доколку постои согласност





кај двете страни. Ако страните се согласат да бидат упатени на постапка за медијација, судијата поединец носи решение за упатување на медијација и постапувањето продолжува според одредбите од ЗКП што се однесуваат на постапката за медијација.

➢ *Ако странките не прифатат медијација или не дојде до нивно помирување*

Ако страните не се согласни да бидат упатени на медијација ниту дојде до нивно помирување и до повлекување на приватната тужба во текот на рочиштето за помирување, судијата ќе земе изјави од странките и ќе ги повика да поднесат свои предлози во поглед на прибавувањето на доказите.

➢ *Закажување главна расправа*

Ако судија поединец не најде дека постојат услови за отфрлање на тужбата, по правило, ќе закаже веднаш главна расправа и тоа ќе им го соопшти на странките. Судијата поединец може веднаш да ја отвори главната расправа и по изведувањето на доказите да донесе одлука по повод приватната тужба. На ова посебно ќе се предупредат приватниот тужител и обвинетиот при доставувањето на поканата.

➢ *Лица кои се повикуваат на главна расправа*

Судијата ги повикува на главната расправа обвинетиот и неговиот бранител, тужителот, оштетениот и нивните законски застапници и полномошници, сведоците, вештаците и толкувачот.

➢ *Услови за одржување на главна расправа*

Главната расправа се одржува во присуство на јавниот обвинител, односно на приватниот тужител и на обвинетиот. За кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако обвинетиот не дојде на главната расправа, иако уредно е повикан или поканата не можела да се врачи поради очигледно одбегнување на обвинетиот да ја прими поканата, судот може да одлучи главната расправа да се одржи без негово присуство.

Водич за новинари низ кривичната постапка

За останатите кривични дела за кои се води скратена постапка, присуството на обвинетиот на главната расправа е задолжително.

- *Тек на главната расправа*

За разлика од редовната кривична постапка каде главната расправа започнува со држење воведни говори, главната расправа во скратената постапка започнува со изнесување на содржината на обвинението, а потоа следува произнесувањето на обвинетиот во поглед на кривичното дело – дали се чувствува виновен или не. Доколку обвинетиот се произнесе дека не се чувствува виновен за кривичното дело по обвинението, тогаш судијата ја отвара доказната постапка и се пристапува кон изведување на доказите предложени од овластениот тужител, а потоа и од одбраната.

Ако на главната расправа обвинетиот даде изјава со која ја признава вината, а судијата поединец оцени дека таа е дадена доброволно, дека обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината и за последици сврзани за имотноправното побарување и трошоците на кривичната постапка, тогаш во рамки на доказната постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата.

Практично, ова значи дека признанието на вина во текот на главната расправа не повлекува постапка за спогодување за вина, туку дава можност единствено за скратување на доказната постапка.

- *Изрекување пресуда*

По заклучувањето на главната расправа судот веднаш ќе ја изрече пресудата и ќе ја објави со суштествените причини. Пресудата мора да се изработи писмено во рок од осум дена од денот на објавувањето. Против пресудата жалба може да се изјави во рок од осум дена од денот на доставувањето на преписот од пресудата.

- *Известување за седница на советот на второстепениот суд*

Кога второстепениот суд решава по жалба против пресудата на првостепениот суд донесена во скратена постапка, двете странки ќе се известат за седницата на советот на второстепениот суд само ако претседателот на советот или советот најде дека присуството на странките би било корисно за разјаснување на работите. Ако се работи за кривично дело за кое постапката се води по барање на јавниот обвинител, претседателот на советот пред седницата на советот ќе ги достави списите до јавниот обвинител, кој може да стави свој писмен предлог во рок од осум дена.

### 6.2. Донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот

- *Договорена правда*

Спогодувањето за вина, како типичен англосаксонски институт, прилагоден на европската правосудна практика доби свое место во новиот ЗКП кој содржи одредби кои за првпат во македонското казнено-процесно законодавство ја регулираат можноста за спогодување на јавниот обвинител и осомничениот за видот и висината на кривичната санкција.

- *Поднесување на предлог-спогодба - до кога?*

До поднесување на обвинение јавниот обвинител и осомничениот можат да поднесат предлог-спогодба со која бараат од судијата на претходната постапка да примени кривична санкција определена според видот и висината, во законски определените рамки за конкретното кривично дело, но не под границите за ублажување на казната определени со Кривичниот законик

Првата можност да се спогодува со јавниот обвинител за видот и висината на кривичната санкција, осомничениот ја има во фазата на истрага, односно пред да биде поднесено обвинението. Иницијативата за вакво спогодување може да произлезе како од јавниот обвинител (најчесто во моментот кога на осомничениот ќе му соопшти дека ја завршил истражната постапка против него, кога ќе му го презентира доказниот материјал обезбеден во истрагата или кога ќе го повика осомничениот за да го испита, а пред завршување на истрагата), така и од осомничениот доколку по консултација со својот бранител оцени дека спогодувањето е во негов најдобар интерес.

Осомничениот, а поради потребата од постоење баланс во преговарачката моќ на двете страни во процесот на преговарање, не е должен да ја признае вината за кривичното дело за кое се спогодува.

Втората, а воедно и последна можност да се спогодува со јавниот обвинител за видот и висината на кривичната санкција, осомничениот ја има во фазата на контрола на обвинението, но во овој случај признанието на вина за предметното кривично е услов за почеток на постапката за спогодување.

Спогодувањето се врши меѓу надлежниот јавен обвинител и осомничениот во присуство на неговиот бранител.

- *Предмет на спогодувањето*

Предмет на спогодувањето е видот и висината на кривичната санкција што ќе се предложи во предлог-спогодбата, а ако постои согласност од осомничениот предмет на спогодување може да биде и имотноправното побарување од оштетениот.

Вредно е за забележување дека јавниот обвинител и осомничениот не може да се спогодуваат за правната квалификација на кривичното дело.

- *Учество на бранителот на осомничениот во спогодувањето*

Осомничениот мора да има бранител од моментот на започнувањето на постапката за спогодување. Осомничениот избира бранител по сопствен избор. Ако самиот не избере бранител, претседателот на надлежниот суд му поставува бранител по службена должност.

- *Неучество на судот во спогодувањето за вината*

Судијата на претходната постапка не смее да учествува во постапката за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител. Забраната за учество на судот во спогодувањето која е изречно пропишана во ЗКП има за цел да се оневозможи судот на каков било начин да влијае врз странките и бранителот во однос на одлуката дали да се впуштат во постапка за спогодување како и во однос на изборот на видот и висината на




Водич за новинари низ кривичната постапка

кривичната санкција. На овој начин, се нагласува улогата на *dominus litis* на јавниот обвинител во текот на истражната постапка.

Со неучеството во постапката за спогодување, судијата ја задржува својата непристрасност како арбитер што ја оценува поднесената предлог-спогодба врз основа на прибавени докази од страна на обвинителството. Корисно е што судијата нема увид во текот на постапката за спогодување, бидејќи на овој начин судијата нема сознанија за процесот на преговарање кој претходел на склучената предлог-спогодба, не ги знае разговорите што се одвивале помеѓу обвинителот и бранителот. Со ова се нагласува улогата на судот во втората фаза од постапката за спогодување која се состои во оцена на предлог-спогодбата.

- *Постапување по предлог-спогодбата*

Во рок од три дена по приемот на предлог-спогодбата, судијата на претходната постапка закажува рочиште за оцена на предлог-спогодбата. На рочиштето ги повикува подносителите на предлог-спогодбата и должен е да испита дали таа доброволно е поднесена, дали осомничениот е свесен за правните последици од нејзиното прифаќање, за последиците сврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. Судијата на претходната постапка ги поучува јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител дека имаат право до донесување на одлуката да се откажат од предлог-спогодбата, како и дека прифаќањето на предлог-спогодбата се смета за откажување од правото на жалба на донесената пресуда врз основа на предлог-спогодбата.

- *Одбивање на предлог-спогодбата*

Ако судијата на претходната постапка утврди дека прибавените докази за фактите важни за избор и одмерување на кривичната санкција не го оправдуваат изрекувањето на предложената кривична санкција, односно дека јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето поднеле барање за утврдување кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог-спогодбата, донесува решение со кое ја одбива предлог-спогодбата и списите ги доставува до јавниот обвинител. Во таков случај, записникот од одржаното рочиште и предлог-спогодбата не може да се користат во натамошниот тек на постапката.

## *Пресуда врз основа на предлог-спогодба*

Ако судијата на претходната постапка ја прифати предлог-спогодбата изрекува пресуда со која не смее да изрече кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во предлог спогодбата. Пресудата ги содржи елементите на осудителна пресуда, се објавува веднаш, а се изготвува во писмена форма во рок од три дена од објавувањето. Пресудата без одлагање им се доставува на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител. Примерок од пресудата без одлагање му се доставува и на оштетениот, кој ако не е задоволен од одлуката за видот и висината на досуденото имотноправно побарување, своето право може да го остварува во парнична постапка.

## *Спогодувањето од аспект на јавноста*

Без исклучок, постапката за спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот се спроведува без присуство на јавноста. Секоја информација со која се обелоденуваат конкретни податоци поврзани со одредена постапка за спогодување помеѓу јавен обвинител и осомничен, а во случај спогодувањето да остане без успех, придонесува во понатамошното постапување – кога предметот ќе биде процесуиран во судот – при контрола на обвинението или во текот на главната расправа, кај членовите на советот за оцена на обвинителниот акт, или подоцна кај членовите на судскиот совет да создаде предубедување во поглед на постоење на кривичната одговорност на осомничениот за кого претходно, нели, било обелоденето дека се согласил да се спогодува за видот и висината на кривичната санкција.

Ова особено може да дојде до израз доколку во јавноста се обелоденат информации за постапката за спогодување која се спроведува во фаза на контрола на обвинението, кога е познато дека услов да се отпочне ваква постапка е претходно осомничениот да ја признае вината за предметното кривично дело.





Накратко:

- *Прва фаза*: разговарање, преговарање, договарање, дефинирање на задолжителните елементи на предлог-спогодбата и потпишување на истата; учествуваат исклучиво надлежниот јавен обвинител и осомничениот во присуство на неговиот бранител. **Во овој процес, како судот, така и јавноста е целосно исклучена.**
- *Втора фаза*: кога се врши оцена на предлог-спогодбата, се вклучува судијата на претходна постапка, но и тогаш на рочиштето за оцена на предлог спогодбата, **јавноста е исклучена**.

Доколку постапката за спогодување заврши успешно, а тоа значи доколку судот ја прифати предлог-спогодбата и донесе пресуда, таа со оглед дека има карактер на правосилна судска одлука, **станува достапна за јавноста.**

### 6.3.Постапка за медијација

Ова е уште една од т.н. забрзани постапки, која овозможува за кривичните дела за кои гонењето се презема по приватна тужба, странките да добијат можност вон судница и со посредство на медијатор да се обидат да ги надминат несогласувањата и да ги решат спорните прашања и на тој начин да ја избегнат главната расправа како најсложена, најдолга, а со тоа и најскапа фаза во постапувањето пред првостепениот суд.

## *Согласност на странките како услов за медијација*

Кога делото се гони по приватна тужба надлежниот судија поединец, а во рамки на одржаното рочиште за мирење, може да им предложи на странките спорот да го решаваат пред медијатор. Ако странките во рокот определен од судот дадат согласност, судијата поединец ги упатува на медијација, а доколку не дадат согласност, судијата поединец закажува главна расправа според одредбите за скратената постапка и постапката продолжува.

## *Определување на медијатор*

Во рок од три дена од дадената согласност, страните спогодбено определуваат еден или повеќе медијатори од Имeникот на медијатори и за тоа го известуваат судијата поединец.

➢ *Спроведување на постапка за медијација до постигнување спогодба*

Медијаторот комуницира со страните заедно или одвоено. Присуството на страните во текот на постапката за медијација е задолжително. Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката.

➢ *Успешна медијација – запирање на постапката*

Постапката за медијација може да заврши успешно со потпишување писмена спогодба. Во таков случај, потпишаната писмена спогодба без одлагање се доставува до надлежниот суд. Кога странките во целост ќе ги исполнат обврските преземени со потпишаната писмената спогодба и за тоа ќе го известат судот, приложувајќи соодветни докази во таа насока, судијата поединец носи решение за запирање на постапката.

➢ *Неуспешна медијација – закажување на главна расправа*

Постапката за медијација може да заврши и без успех од повеќе причини. За неуспешната медијација се известува судијата поединец кој закажува главна расправа и постапката по приватната тужба продолжува според одредбите за скратената постапка.

### 6.4. Постапка за издавање казнен налог

➢ *Може ли едно лице да биде осудено, а без притоа воопшто да се појави во судот?*

Да, судот во прв степен може да донесе осудителна пресуда без да закаже и одржи главна расправа, практично без да го повика обвинетиот и да му даде можност да ја изложи својата одбрана.

➢ *Кога?*

За кривични дела од надлежност на судија поединец, кога за тоа се располага со доволно докази, јавниот обвинител да може да поднесе предлог за издавање казнен налог. Ваков предлог може да поднесе и приватниот тужител.





➢ *Предложени кривични санкции или мерки*

Со предлогот за издавање казнен налог, јавниот обвинител му предлага на судот изрекување на една или повеќе од следниве кривични санкции или мерки:

1) парична казна во висина од 10 до 100 дневни глоби;

2) условна осуда со утврдена казна затвор до три месеца или парична казна;

3) забрана за управување на моторно возило до две години и

4) конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело и одземање на предмети.

➢ *Ако судот не го прифати предлогот*

Ако судијата поединец смета дека податоците во предлогот за издавање казнен налог не даваат доволно основа за издавање казнен налог или според тие податоци може да се очекува изрекување на некоја друга кривична санкција или мерка, а не онаа што ја предложил јавниот обвинител, по приемот на обвинителниот предлог ќе закаже главна расправа според одредбите за скратената постапка. Ова практично значи дека ќе се смета јавниот обвинител како да поднел обвинителен предлог, а не предлог за издавање казнен налог.

➢ *Ако судот го прифати предлогот*

Ако судијата поединец го прифати ваквиот предлог, ќе издаде казнен налог со пресуда во чие образложение ќе се наведат само доказите кои го оправдуваат издавањето на казнениот налог и истата ќе ја достави до обвинетиот со поука дека во рок од осум дена од приемот на пресудата има право на приговор. Ако обвинетиот не го искористи правото на приговор против ваквата пресуда, истата станува правосилна и подобна за извршување.

Практично, оваа постапка овозможува за полесни кривични дела обвинетиот прависилно да биде осуден, без притоа воопшто да се појави во судницата и во

контрадикторна постапка да ја изложува својата одбрана и да се спротивстави на наводите од обвинението. Сепак, првостепениот суд нема овластување во оваа постапка да изрече ефективна затворска казна.

- *Право на приговор*

Доколку обвинетиот лично или преку ангажиран бранител го искористи законското право и поднесе навремен приговор, првостепениот суд, без да се впушти во оцена на основаноста на приговорот, должен е да закаже главна расправа. Во таков случај постапката продолжува согласно правилата за скратена постапка.

Практично, приговорот во оваа постапка нема карактер на правно средство чија основаност треба да биде предмет на оцена од страна на судот, туку е своевидна иницијатива односно сигнал дека обвинетиот не се согласува со „забрзано процесуирање“.

- *Што со веќе донесената пресуда?*

Со закажување на главната расправа се смета дека пресудата за издавање казнен налог воопшто не е донесена.

## 7. ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

- *Закон за извршување на санкциите*

Прашањето за начинот и постапката за извршување на санкциите (казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки) изречени за кривични дела, се уредува со Законот за извршување на санкциите[79].

- *Кога обвинетиот добива статус на осудено лице*

Обвинетиот добива статус на осудено лице кога со правосилна пресуда ќе се утврди дека е кривично одговорен за определено кривично дело. Во кривичната постапка одлуките се донесуваат во форма на пресуда, решение и наредба. Пресуда донесува само судот, а решенија и наредби донесуваат

[79] Службен весник на РМ бр. 2/2006, 57/2010, 170/2013





и други органи што учествуваат во кривичната постапка. Меѓутоа, согласно начелото на законитост[80] кривична санкција на сторителот на кривичното дело може со одлука да му ја изрече само надлежен суд во постапка спроведена според Законот за кривичната постапка.

- *Извршување на кривичните санкции*

Санкциите изречени за кривични дела се извршуваат кога одлуката со која е изречена санкцијата ќе стане правосилна и кога не постојат законски пречки за нејзино извршување.

- *Кога одлуката е правосилна и извршна*

Пресудата и решението стануваат правосилни кога не може повеќе да се побиваат со редовен правен лек – жалба или кога не е дозволена жалба.

Од аспект на извршување на изречената санкција, правосилната одлука се извршува кога е извршено нејзиното доставување и кога за извршувањето не постојат законски пречки. Ако не е изјавена жалба или странките се одрекле или се откажале од жалбата, одлуката е извршна со истекот на рокот за жалба, односно од денот на одрекнувањето или откажувањето од изјавената жалба.

- *Извршување пред правосилност на одлуката*

Со извршувањето на одделни санкции може да се почне и пред правосилноста на одлуката со која санкцијата е изречена, само кога тоа е определено со закон.

- *Надлежен суд за извршување на санкциите*

Надлежен суд за извршување на санкциите е судот според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. Ако судот што ја донел одлуката во прв степен со која е изречена санкцијата не е надлежен за нејзино извршување, до судот што е надлежен за извршувањето (или друг орган – во зависност од видот на санкцијата) ќе достави заверен препис од одлуката со потврда за извршност. Според Законот за извршување на санкциите, првостепениот суд е должен ова да го стори веднаш, а најдоцна во рок од три дена откако одлуката ќе стане извршна.

[80] Член 3 став 2, Закон за Кривичната постапка, Службен весник на РМ бр. 150/2010, 100/2012

### ➢ *Казнено - поправни и воспитно - поправни установи*

Казната затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршуваат во казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

Казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори. Казнено-поправни установи се: Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом Штип, Казнено-поправен дом од отворен вид Струга, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Прилеп, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.

Воспитно-поправни установи за извршување на воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се воспитно-поправни домови. Воспитно-поправни установи се: Воспитно-поправен дом Тетово и Воспитно-поправен дом Скопје.

Министерот за правда со општ акт врши распоредување на осудените, казнетите и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи.
Осудените малолетни лица задолжително ја издржуваат казната малолетнички затвор во посебна установа за малолетници. Одделни категории малолетни лица можат да ја издржуваат воспитната мерка во посебни одделенија на воспитно-поправните домови. Малолетните лица според полот се сместуваат во посебни домови, а можат да бидат сместени во еден дом, но одвоено.

### ➢ *Судија за извршување на санкциите*

Во сите основни судови се установува судија за извршување на санкциите. Судијата за извршување на санкциите ги штити правата на осудените лица, врши надзор над законитоста во постапката за извршување на санкциите и обезбедува рамноправност и еднаквост на осудените лица пред законот.

Судијата за извршување на санкциите е должен да пристапи кон извршување на санкцијата со преземање на законски определените дејствија и мерки веднаш по приемот на одлуката.





Судијата за извршување на санкциите презема активности и одлучува за:

- упатување на издржување на казната затвор;
- одлагање на издржување на казната затвор;
- прекин на издржување на казната и ставање вон сила на прекинот на издржување на казната затвор;
- пресметување на казната, доколку надлежниот суд не донел соодветна одлука;
- настапување на застареност на извршување на казната или запирање на извршување на казната поради смрт на осуденото лице, го известува надлежниот суд заради донесување на соодветна одлука;
- соработка со надлежните центри за социјална работа за постпеналната помош и извршувањето на алтернативните мерки;
- замена на паричната казна со затвор;
- плаќање на паричната казна односно глобата на рати и
- други работи пропишани со закон.

### ➢ *Постапување при извршување на казната затвор*

Надлежен орган за преземање на потребните дејствија заради извршување на казната затвор е судијата за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. Ако живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице е непознато, надлежен за упатување на осуденото лице на извршување на казната затвор е судот што ја донел првостепената одлука. Судот што ја донел првостепената одлука, ако не се знае живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице или ако осуденото лице е недостапно, ќе побара од Министерството за внатрешни работи да го пронајде и веднаш да го извести судот за неговата адреса.

Постапката за упатување на осудените лица е итна.

Судот што ја донел првостепената одлука ќе му ги достави на основниот суд за извршување на санкциите, заедно со одлуката за извршување и сите податоци за личноста на осуденото лице прибавени во текот на постапката од значење за извршување на казната затвор. Судијата за извршување на санкциите е должен да ги преземе потребните дејствија заради извршување на казната затвор веднаш по приемот на извршната одлука, а најдоцна во рок од осум дена по нејзиниот прием.

➢ *Упатен акт*

Повикувањето за извршување на казната затвор на осуденото лице се врши на начин што лично му се доставува упатен акт во кој е означен денот кога треба да се јави во определена установа. Со упатниот акт осуденото лице се предупредува дека доколку не се јави во определениот ден во установата ќе биде присилно спроведено и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето. Денот на јавувањето во установата се одредува така што на осуденото лице да му останат најмалку осум, а најмногу 13 дена од денот на приемот на упатниот акт.

➢ *Известување на Установата и доставување податоци*

Судијата за извршување на санкциите со доставувањето на упатниот акт на осуденото лице истовремено ја известува и установата за денот во кој осуденото лице треба да се јави и доставува препис од правосилната и извршна пресуда со која е изречена казната, извод од казнената евиденција, како и други податоци за личноста на осуденото лице со кои располага.

Што ако осуденото лице не се јави во Установата?

Ако осуденото лице, согласно Упатниот акт, не се јави во определениот ден на извршување на казната затвор, установата за тоа без одлагање ќе го извести судијата за извршување на санкциите.





➢ *Наредба за приведување на осуденото лице и Потерница*

Судијата за извршување на санкциите во случај ако осуденикот не се јави на извршување на казната затвор во определениот ден, веднаш ќе издаде наредба до Министерството за внатрешни работи за приведување на осуденото лице со која, исто така ќе побара, доколку осуденото лице се крие или се наоѓа во бегство, органот да издаде и потерница за пронаоѓање и спроведување на осуденото лице во установата за извршување на казната затвор.

➢ *Одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор*

Согласно Законот[81], на осуденото лице кое се наоѓа на слобода може по негова молба да му се одложи почетокот на извршувањето на казната затвор, ако:

1. се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности;
2. се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице;
3. одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи, или работи предизвикани од елементарна непогода, или со друга несреќа, а во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила;
4. осуденото лице е обврзано да изврши одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета;
5. одлагањето на осуденото лице му е потребно заради завршување на училишната година или за полагање на испит за кој се подготвувало;
6. заедно со осуденото лице се осудени неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство, или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите овие лица на издржување на казна би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на семејството, или би се довело во прашање нормалното стопанисување на домаќинството;

[81] Член 89, Закон за извршување на санкциите, Службен весник на РМ бр. 2/2006, 57/2010, 170/2013

7. е осудена жена чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеца и

8. е потребно осуденото лице одредено време да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица за кои е должно да се грижи, според мислењето на органите за социјална заштита на општината на чие подрачје децата или тие лица имаат живеалиште или престојувалиште.

➢ *Примарен услов за одлагање и практични импликации*

Вредно за забележување е дека примарен услов осуденото лице да може со молба да побара одлагање на почетокот на извршување на казната затвор е тоа лице се уште да се наоѓа на слобода, односно се уште да не отпочнало со издржување на затворската казна.

Од практичен аспект, овој услов кој е наметнат со одредбите на Законот за извршување на санкциите, не можат да го исполнат сите категории на осудени лица и за нив правото со молба да побараат извршувањето на казната затвор да им биде одложено за одреден временски период е законски лимитирано.

Илустративно, откако осудителната пресуда со која на притвореното лице мерката притвор му е продолжена до нејзината правосилност односно до започнување со издржување на изречената казна затвор, ќе стане правосилна и притвореното лице ќе добие статус на осудено лице, тоа лице веднаш по врачување на правосилната одлука, од притворската установа со упатен акт и пропратна документација се упатува во установа наменета за издржување на затворската казна. Ист третман, наметнат од погоренаведениот услов, добиваат и осудените лица кои согласно издадениот упатен акт доброволно или по издадена и реализирана потерница ќе отпочнат со издржувањето на затворската казна, а по влез во Установата ќе поднесат молба за одлагање.

Едноставно, молбата за одлагање поднесена од осуденото лице кое веќе се наоѓа во Установата врз основа на правосилна и извршна судска одлука, од судот нема да биде прифатена.





➢ *Одлагање на почетокот на извршување на казната затвор*

Извршувањето на казната затвор може да се одложи:

- додека трае болеста, односно лекувањето, ако одлагањето се бара затоа што осуденото лице се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности

Поради специфичноста на причината (хоспитализација поради потешка акутна болест или зависности) Законот дозволува молба за одлагање на почетокот на извршувањето на казната да може да поднесе и неговиот брачен другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Осуденото лице на кое му е одложено издржувањето на казната по овој основ е должно на секои 30 дена да достави веродостоен доказ за неговата здравствена состојба.

- најдолго за три месеца, ако одлагањето се бара поради смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице; ако одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи, или работи предизвикани од елементарна непогода, или со друга несреќа, а во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила; ако одлагањето се бара од причина што осуденото лице е обврзано да изврши одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета; и ако е потребно осуденото лице одредено време да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица за кои е должно да се грижи, според мислењето на органите за социјална заштита на општината на чие подрачје децата или тие лица имаат живеалиште или престојувалиште.

- до завршување на училишната година ако одлагањето на осуденото лице му е потребно заради завршување на училишната година или

- шест месеци ако одлагањето е потребно за полагање на испит за кој се подготвувало;

Водич за новинари низ кривичната постапка

- најдолго за шест месеци ако заедно со осудениот лице се осудени неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство, или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите овие лица на издржување на казна би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на семејството, или би се довело во прашање нормалното стопанисување на домаќинството;
- до наполнувањето на една година од животот на детето, ако е осудена жена чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеца

### *Молба за одлагање*

Молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор се поднесува во рок од три дена од денот на приемот на упатниот акт. Ако причината за одлагање од членот 89 став (1) точки 1 и 2 од Законот за извршување на санкциите - болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности и смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице; настанала по тој рок, молбата може да се поднесе до денот кога осуденото лице треба да се јави заради извршување на казната.

### *Веродостојни докази во прилог кон молбата за одлагање*

Кон молбата се приложуваат веродостојни докази за причините кои го оправдуваат одлагањето.

### *Кој одлучува по молбата за одлагање*

По молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор решава судијата за извршување на санкциите, кој е должен да донесе решение во рок од три дена по приемот на молбата. Пред донесувањето на решението тој може да ги извиди околностите наведени во молбата.

### *Суспензивно дејство на молбата*

До донесувањето на решението по молбата се одлага почетокот на извршувањето на казната.



### *Право на жалба*

Против решението донесено по молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата во рок од три дена од денот на приемот на првостепеното решение.

### *Суспензивно дејство на жалбата*

Жалбата го одлага извршувањето на казната. Кривичниот совет е должен да донесе решение по жалбата во рок од три дена по приемот на жалбата.

### *Вонредни правни лекови и одлагање на извршување на казната затвор*

Одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор може да одреди и надлежниот суд за решавање по барање за повторување на кривичната постапка поднесено во корист на осуденото лице, по барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и по барање за замена на казната затвор со парична казна, под условите предвидени со закон.

### *Недозволена молба за одлагање*

Судијата за извршување на санкциите ќе ја отфрли како недозволена повторно поднесената молба по ист основ (причини) од членот 89 на Законот за извршување на санкциите за одлагање на почетокот на извршувањето на казната. Повторно поднесената молба не го одлага почетокот на извршувањето на казната.

### *Прекин на издржувањето на казната на осудени лица*

По молба на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, врз основа на мислење на затворската здравствена служба и по претходно мислење на надлежниот јавен обвинител, судијата за извршување на санкциите може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа. Примерок од одлуката се доставува и до надлежниот јавен обвинител.

Осуденото лице на кое му е дозволен прекин на издржувањето на казната заради лекување е должно секој месец да достави потврда на судијата за извршување на санкциите за неговата здравствена состојба. Ако се утврди дека престанале причините поради кои е одобрен прекинот на казната, судијата за извршување на санкциите ќе го стави вон сила решението за прекин на казната.

Предлог за ставање вон сила на решението може да поднесе и надлежниот јавен обвинител. Со предлогот, јавниот обвинител може да побара судијата за извршување на санкциите да изврши независни медицински прегледи над осуденото лице.

Против решението донесено по молбата за прекин на издржувањето на казната, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на судот надлежен за извршување на санкцијата.

➢ *Прекин до 30 дена*

На осудени лица на кои им е изречена казна затвор, директорот на Управата за извршување санкции може да им го прекине издржувањето на казната во траење до 30 дена, од причините наведени во членот 89 од Законот за извршување на санкциите. Против решението на директорот на Управата осуденото лице има право на жалба до министерот за правда во рок од три дена од приемот на решението.

Времето поминато на прекин на казната не се смета во издржаната казна.

Ако по истекот на времето на прекинот на казната осуденото лице не се јави на натамошно издржување на казната, установата веднаш за тоа ќе го извести судијата за извршување на санкциите кој ќе преземе законски мерки за приведување на осуденото лице на натамошно издржување на казната затвор. Прекин на издржувањето на казната може да определи и надлежниот суд кога решава по некои од вонредните правни средства поднесени од странките во кривичната постапка.





➢ *Отпуштање на осудените лица од издржување на казната*

Осудените лица се отпуштаат од издржувањето на казната по издржаната казна, по простување на остатокот на казната со акт на надлежен орган, одлука за условен отпуст или по одлука на директорот на установата за предвремено отпуштање од издржувањето на казната.

➢ *Отпуштање по издржаната казна*

Осуденото лице се отпушта од издржување на казната од установата во денот и часот кога му истекнува издржувањето на казната. Ако последниот ден на издржувањето на казната паѓа во недела или празник, осуденото лице се отпушта во денот што му претходи.

➢ *Отпуштање по простување на казната*

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната од установата во денот кога со акт на амнестија или помилување донесен од страна на надлежен орган се ослободува од натамошно издржување на казната затвор.

➢ *Отпуштање по условен отпуст*

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната во денот кога со решението за условен отпуст е определено отпуштањето.

➢ *Општи услови за условен отпуст*

Осудениот може да се отпушти од издржување на казна затвор под услов до истекот на времето за кое е изречена казна да не стори ново кривично дело, ако се поправил така што основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува, а особено дека нема да врши кривични дела. При оцената дали осудениот условно ќе се отпушти ќе се земе предвид неговото поведение за време на издржувањето на казната, извршувањето на работните обврски со оглед на неговата работна способност и други околности што покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

Условно може да се отпушти осудениот кој издржал половина од казната затвор.

По исклучок, условно може да се отпушти и осуден кој издржал само една третина од казната затвор под условите, погоренаведени, и ако посебни околности, што се однесуваат на личноста на осудениот, очигледно покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

- *Условен отпуст на лица осудени на казна доживотен затвор*

Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 15 години казна затвор.

- *Условен отпуст со заштитен надзор*

На условно отпуштениот, судот може да му одреди заштитен надзор, што се состои во посебни мерки за помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува социјалниот орган.

- *Условен отпуст на малолетник на издржување казна малолетнички затвор*

Малолетник условно може да се отпушти од издржување на казната малолетнички затвор ако издржал една третина од казната, но не пред да помине една година од издржувањето на казната и ако од постигнатиот успех во воспитувањето и превопитувањето основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува, ќе го продолжи школувањето и работата и дека нема во иднина да врши кривични дела. За време на условниот отпуст судот може да определи мерка на засилен односно заштитен надзор.

- *Постапка за условен отпуст*

а. Молба и предлог за условен отпуст

Молба за отпуштање по основ на условен отпуст, под услови определени со закон, може да поднесе осуденото лице или неговиот брачен другар, роднина





по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Предлог за отпуштање на осуденото лице по основ на условен отпуст може да поднесе и директорот на установата.

б. Решение за условен отпуст

За условно отпуштање на осуденото лице одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во совет составен од тројца судии, кој одлучува надвор од главната расправа (кривичен совет).

Пред одлучувањето за условниот отпуст првостепениот суд ќе побара податоци од установата, а може да се сослуша осудениот и да се побара мислење од судијата за извршување на санкциите, како и од службените лица на установата за околности што се однесуваат на личноста на осуденото лице, неговото поведение за време на издржувањето на казната, извршувањето на работните обврски и за други околности од кои може да се заклучи дали е постигната целта на казнувањето и особено дали осуденото лице во иднина нема да врши кривични дела.

Во решението за условен отпуст се наведува денот на отпуштањето на осуденото лице при што е неопходно да се води сметка за рокот на жалбената постапка. Решението со кое судот одлучува за условен отпуст се доставува до осуденото лице, членот на семејството што поднел молба за условен отпуст, установата во која осуденото лице издржува казна, надлежниот јавен обвинител и до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, ако одлуката е позитивна. Судот во решението за условен отпуст може на условно отпуштениот да му одреди заштитен надзор, што се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува социјалниот орган.

Против решението по молбата или предлогот за условен отпуст осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба во рок од осум дена до повисокиот суд. Предлогот на директорот на установата го застапува и го образложува претставник на установата во која осуденото лице ја издржува казната.

в. Повторно поднесување молба/предлог за условен отпуст

Молбата односно предлогот за условен отпуст може повторно да се поднесе по истекот на шест месеца за казна затвор над една година, односно три месеца за казна затвор под една година од правосилноста на решението со кое е одбиена претходната молба на осуденото лице, односно предлогот на директорот.

г. Отпуштање по одлука на директорот на установата

Директорот на установата може да го отпушти осуденото лице и пред истекот на казната ако издржало најмалку три четвртини од казната затвор и ако не добило условен отпуст и тоа до 30 дена за казна затвор до една година, до 90 дена за казна затвор до пет години и до 120 дена за казна затвор над пет години. Директорот на Управата со општ акт утврдува критериуми за предвремено отпуштање на осуденото лице пред истекот на казната.

- *Извршување на казна малолетнички затвор*

Малолетните лица казната малолетнички затвор до наполнување на 23 годишна возраст ја издржуваат во посебни установи за извршување на казната малолетнички затвор (установи за малолетници), одвоено од полнолетните лица. Малолетните лица од машки пол мораат да бидат сместени одделно од малолетните лица од женски пол. Тие можат да бидат здружени во рамките на образовни, социјални и забавни програми или програми за професионално оспособување.

По наполнување на 23-годишна возраст, лицата осудени на казна малолетнички затвор, казната ја издржуваат согласно со актот за распоредување на осудените и малолетните лица во установите и воспитно - поправните установи. Во установата за малолетници може да се организира настава за основно воспитание и образование и други видови на стручно оспособување на малолетните лица во зависност од условите и можностите на установата Ако во установата за малолетници




Водич за новинари низ кривичната постапка

нема услови за организирање на настава, малолетните лица можат да посетуваат настава во училиште во седиштето на установата за малолетници.

- *Постапување при извршување на парична казна*

Постапката за наплата на парична казна на физички лица по службена должност ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Доколку осуденото лице нема живеалиште, односно престојувалиште во седиштето на судот што му ја изрекол паричната казна во прв степен, тогаш првостепениот суд е должен да му ја достави правосилната пресуда за наплата на паричната казна на судот според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето.

Ако осуденото лице во определениот рок не ја плати паричната казна се пристапува кон присилна наплата. Трошоците на присилната наплата на паричната казна паѓаат на товар на осуденото лице. Судијата за извршување на санкциите пред да пристапи кон присилна наплата, на осуденото лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на опомената. Ако осуденото лице во определениот рок не ја плати казната се пристапува кон присилна наплата согласно закон. Ако присилното извршување остане без успех, се пристапува кон замена на паричната казна со затвор.

Ако осуденото лице не може паричната казна да ја плати веднаш, тогаш може да ја отплаќа на рати, но рокот на исплата не може да биде подолг од две години, со можност за продолжување на рокот за уште три месеца. Доколку осуденото лице не ги плаќа на време ратите, судот ќе ја отповика својата одлука за плаќање на рати и ќе пристапи кон наплата на паричната казна веднаш или со замена со затвор (заменски затвор).

- *Извршување и на другите санкции за сторени кривични дела*

Со Законот за извршување на санкциите детално е уредена постапката за извршување и на другите, погоренеспоменати, санкции изречени за кривични дела.

## 8. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Медиумите имаат важна улога во едно демократско општество во целина и поконкретно во однос на судскиот систем. Перцепцијата во општеството за квалитетот на правдата е под силно влијание од медиумите, особено во врска со функционирањето на судскиот систем. Транспарентноста во судското работење, како и јавноста на судските постапки се од суштинско значење во остварување на правото на правично судење. Зголемениот интерес на јавноста и на медиумите во однос на судските постапки неминовно ја наметнува потребата за доставување на објективни и навремени информации до медиумите. Од фундаментално значење во едно демократско општество е судовите да уживаат доверба во јавноста.[82] Јавноста на постапката е едно од основните средства со кое може да се одржува довербата во судовите.[83]

Новинарите имаат право да ги добијат сите потребни информации со цел објективно да ја информираат јавноста за разни прашања поврзани со работата на правосудниот систем. При своето истражување и известување секој новинар треба да ги почитува и да се придржува кон обврските за дискреција во врска со тековните предмети, како и на ограничувањата утврдени во домашните закони кои се во согласност со меѓународните стандарди.

Медиумите, исто како и сите учесници во судската постапката треба да ги почитуваат основните начела како пресумпцијата на невиност и правото на правично судење, правото на приватен живот на засегнатите лица, како и принципот на непристрасност.

Медиумското покривање на случаи за кои се води истрага или кои се во фаза на судење може да има влијание и одреден притисок врз судиите, судиите-поротници и јавните обвинители кои постапуваат во конкретниот случај. Затоа е од исклучително значење новинарите да поседуваат професионални вештини, високи етички стандарди и воздржаност во давањето на предвремени коментари за тековните предмети.

[82] За ова прашање, види одлука на Европскиот суд за човекови права, Олујиќ против Хрватска, (апликација бр. 22330/05)
[83] Во рамките на Советот на Европа два главни документи се занимаваат со ова прашање:
а) Препораката Rec (2003) 13 за давање информации преку медиумите во врска со кривичните постапки, и
б) Мислење број 7 за правда и општество (2005) на Консултативниот Совет на Европските Судии.



Водич за новинари низ кривичната постапка

Од друга страна, судиите и јавните обвинители треба да имаат соодветна едукација за контакт со медиумите, да имаат изготвено соодветни упатства или кодекс на добри практики за нивните односи со медиумите[84] и на тој начин да им помогнат на медиумите во пренесувањето точни информации за работата на судот и неговите одлуки.

Судиите и обвинителите имаат специфични улоги во правниот систем. Одредени национални кодекси на етика бараат судиите да се воздржат од јавни коментари за тековни предмети, односно да не даваат изјави кои можат да предизвикаат сомневање на јавноста во нивната непристрасност[85], а и со цел да се избегне повреда на пресумпцијата на невиност. Јавните обвинители треба да бидат претпазливи кога ја коментираат постапката или пресудата. Своето несогласување со одлуката на судот тие секако ќе го изразат преку поднесување на редовен или вонреден правен лек.

[84] Мислење бр 7 на Консултативниот Совет на Европските Судии за правдата и општеството, став 39 (2005).
[85] Мислење бр.3 на Консултативниот Совет на Европските Судии за етика и одговорност на судиите, став 40 (2003).

*ПРИЛОГ 1:*

**Поими во Законот за кривичната постапка**

Осомничен е лице против кое се води претходна постапка.

Обвинет е лице против кое е потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или поднесен предлог за издавање на казнен налог.

Осуден е лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за определено кривично дело.

Изразот обвинет се употребува и како општ назив за осомничениот, обвинетиот и осудениот.

Жртва на кривично дело е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело.

Оштетен е освен жртвата и друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или заради остварување на имотно-правно побарување.

Приватен тужител е лице кое поднело приватна тужба заради гонење на кривични дела кои се гонат по приватна тужба.

Тужител е јавниот обвинител и приватниот тужител.

Странки се тужителот и обвинетиот.

Правосудна полиција се полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа кои му се ставени на располагање на јавното обвинителство во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка.

Изразот полиција во овој закон се употребува како општ назив за припадниците на правосудната полиција во смисла на овој закон и полициските службеници во смисла на Законот за полицијата, како и припадниците на Воената полиција.





Водич за новинари низ кривичната постапка

Судија на претходната постапка е судија кој во текот на претходната постапка одлучува за слободите и правата на обвинетиот во случај пропишан со Уставот на Република Македонија, со закон и меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија и за други работи определени со овој закон.

Директно испитување е испитување на сведок и вештак од странката односно бранителот кој го предложил сведокот односно вештакот.

Вкрстено испитување е испитување на сведок и вештак од спротивната страна.

Основи на сомневање се сознанија кои врз основа на криминалистичкото знаење и искуство може да се оценат како доказ за сторено кривично дело.

Основано сомневање е повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека определено лице сторило кривично дело.

Преглед на лица, возила, багаж и простории претставува овластување врз основа на овој и друг закон кое е ограничено на надворешни проверки на облеките и други предмети и багаж со помош на сетилата за вид, слух и мирис, но не и дејствија со кои нешто што не е видливо се прави видливо со отворање, отпакување и слично.

Претрес е детално истражување на лице, дом и други простории врз основа на судска наредба.

Под снимање се подразбира **визуелно-тонско или визуелно или тонско снимање.**

Технички советници се стручни лица од регистарот на судски вештаци кои странките ги ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област.

*ПРИЛОГ 2:*

**Правила за однесување во Основниот суд Скопје I Скопје**[86]

1. Посетителите се предупредуваат дека влегуваат во судска зграда и дека треба да ги почитуваат соодветните стандарди на однесување. Секој кој не ги почитува правилата на судот или не се придржува до стандардите за однесување ќе биде отстранет од судската зграда.

2. Не е дозволен влез во судската зграда на лица кои немаат навршено 18 години, освен со дозвола или наредба од судот, во присуство на возрасно лице или соодобрение од судската управа.

3. Посетителите кои присуствуваат на главен претрес ќе бидат сместени на местата за јавност. Претседателот на судскиот совет може да нареди отстранување на лице од местата за посетители доколку истото предизвикува прекин или нарушување на редот во судницата.

4. Посетителите мора да станат при влез на судијата во судницата.

5. За времетраењето на главниот претрес посетителите да останат тивки и да се придржуваат на инструкциите дадени од судската полиција.

6. За времетраењето на главниот претрес забрането е разговарање помеѓу посетителите, гласна бучава, навредливо, насилно однесување или била каква активност со која би се нарушило непреченото одвивање на работата на судот.

7. Задолжително е лицата кои влегуваат во судот да бидат соодветно облечени. Облека која се смета за провокативна, вознемирувачка или облека која има навредливи знаци или слики е забранета.

8. При влез во судницата забрането е внесување на мобилни телефони, преносни компјутери, PDA, камери или било каква аудио и видео опрема која може да снима или процесира. Овие предмети да се остават во шкафовите поставени за таа намена.

9. Аудио и видео снимање или сликање, без дозвола од управата се строго забранети во судската зграда. Судската полиција е овластена да конфискува и\или избрише неовластени снимки.

10. Пиење, јадење, пушење цигари или употреба на наркотични средства се забранети во судската зграда.

[86] Ова не претставува официјален документ. Истиот има само информативна намена.





11. Посетителите не смеат да оставаат багаж или лични работи без надзор. На посетителите кои внесуваат прекумерен или невообичаен багаж може да не им биде дозволен влез. Судот не превзема никаква одговорност за било какви изгубени, оштетени или украдени лични предмети на посетителите додека се во просториите на судот.

12. Судската полиција може да повика на евакуација на судската зграда во било кое време. Ве молиме следете ги и придржувајте се до нивните инструкции.

***ПРИЛОГ 3:***

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ:

Слободата на медиумите е неприкосновено право.

Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија.

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес.

   Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.

   До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави.

   Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.



Водич за новинари низ кривичната постапка

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

5. Новинарот ќе ги почитува законите во дрожавата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист.

   Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија.

   Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето.

   Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

8. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

   Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.

   Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

10. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот

на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

11. Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

12. Плагијаторството е неприфатливо.

    Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано.

    Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.

    Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

17. Новинарот има право да одбие работна задача до колку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Новинарите кои работат во согласност со овој Кодекс ја уживаат поддршката на својата медиумска куќа и на својата професионална организација.

Во согласност со законите на Република Македонија, новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание.

За почитувањето на принципите од Кодексот се грижи Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија.





***ПРИЛОГ 4:***

**Членови од Судскиот деловник[87] кои се однесуваат на односи со јавноста.**

**Член 353**

Претседателот, судиите и судските службеници во судот се должни да обезбедат потребни услови за јавност на работата на судот и соодветен пристап на медиумите во поглед на актуелните информации и постапки кои се водат во судот, водејќи сметка за итнересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

Времето, местото и предметот на судењето секојдневно се објавува на видно место преку просторијата во која ќе се одржи судењето.

За судењата за кои постои поголемо интересирање на јавноста судската управа ќе обезбеди просторија која ќе може да прими поголем број лица. Судскиот совет е должен по налог на претседателот да го одржи судењет во просторијата која е обезбедена за тоа.

**Член 354**

Известувањата за медиумите во врска со работата на судот ги дава претседателот или судијата што тој ќе го овласти. Известувањата во врска со конкретни предмети, со согласност на претседателот, ги дава судијата кој постапува по предметот.

Податоците во известувањата мора да бидат точни. Не се соопштуваат оние податоци што претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност согласно закон.

Во Врховниот суд на Република Македонија, Управниот суд, апелационите судови, и основните судови со поглем број на судии се формира информативна служба или се одредува судија, со цел за отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот.

При контактот со јавноста и медиумите ќе се користат сите можни средства за современа комуникација во согласност со материјалните можности на судот.

**Член 355**

Судиите и службениците во судот кои во медиумите пишуваат или зборуваат во свое име за правните, општествените и другите прашања во врска

[87] Службен весник на РМ бр.66/2013

со одделни случаи од судската практика, се должни во текот на тие излагања изрично да истакнат дека пишувааат или зборуваат во свое име, односно дека го изложуваат своето мислење.

**Член 356**

Новинарите - известувачи можат да присуствуваат на јавните расправи во парничната постпака и на главните претреси во кривичната постапка без обврска претходно да прибават одобрение од судот. Судот е должен да обезбеди услови за нивно присуство и работа.

Визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање, известување и фотографирање во судската постапка може да се врши по одобрение на претседателот на судот, со претходно прибавено мислење на судијата и овластениот тужител во кривичната постапка и со писмена согласност на странките во парничната постапка.

Со исклучок, ако странката во постапката е државен функционер или службеник, претставник на локалните власти или лице кое врши друга јавна работа, писмена согласност за снимање или фотографирање не е потребна.

Снимање и фотографирање во зградата на судот, надвор од судењето може да се врши со одобрение на претседателот на судот кој раководи со зградата.

**Член 357**

Одобрение за снимање или фотографирање дава претседателот на судот врз основа на поднесено писмено барање. Барањето мора да се поднесе во рок од пет дена пред закажаното рочиште на формулар кој го издава судската управа. Ненавремените барања нема да се отфрлат ако се докажат оправдани причините за доцнењето. Барањето содржи:

- назив на јавното гласило (медиумската куќа);

- имињата и составот на екипите за известување (сниMателот, фотографот, асистентот и др.);

- описот на техничката опрема која се внесува во судницата и планираниот начин на следење (видео, аудио, фото и др.);

- назначување на терминот во кој би се извршило снимањето на точно определено судење или на учесникот во постапката надвор од судењето во судската зграда.





**Член 358**

При донесувањето на одлуката за давање одобрение за снимање и фотографирање ќе се води сметка за интересот и довербата на јавноста, природата на случајот, интересот на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

Снимањето и фотографифањето ќе се одвива под надзор на судијата, односно претседателот на советот на начин кој ќе обезбеди непречен тек на постапкта, ред во судницата и почитување на достоинството на судот.

Снимањето и фотографирањето во судот, може да се прекине или ограничи:

– на барање на странките, а по одлука на судот, во кое било време;

– ако со одлука на судот е исклучена јавноста за дел од постапката или за одредено процесно дејствие, поради постоење на законски причини;

– ако сведокот - оштетениот од кривичното дело го бара тоа, за времето додека трае неговото сведочење;

– ако судот најде дека некој учесник во постапката би можел да биде изложен на опасност, срам, настанување на штета или би можеле да настанат пречки во примената на законските мерки на принуда или ако поради природата на доказите што треба да се изведат тоа е задолжително (сослушување на заштитени сведоци, малолетници и др.).

**Член 359**

Одобрението за медиумско следење на судењето подразбира и обезбедување на адекватна судница.

Во судницата ќе се обезбеди посебен дел за медиумските екипи и набљудувачите, ограден или посебно означен, со посебен влез, доколку е можно тоа. За да се обезбеди сместување во резервираниот дел на судницата, новинарите и набљудувачите ќе го известат судот за намерата да присуствуваат.

Судскиот службеник ќе се погрижи за лицата што имаат одобрение од претсдателот да ги заземат резервираните места, како и новинарите и набљудуваччите за чие присуство не е потребно посебно одобрение.

На барање на судијата или судскиот службеник, новинарот ќе ја даде на

увид новинарската легитимација и ќе го соопшти името на медиумската куќа за која известува.

Забрането е давање на нечесна предност на една медиумска куќа при давањето одобрение или при сместувањето во резервниот дел од судницата.

На секоја медиумска куќа што поднела барање за одобрение за медиумско следење на судење, може да се дозволи да внесе едно видео или тв. камера, еден аудио систем и два фото апарати (најмногу со два објектива), со тоа што секоја од наведените техники да ја користи едно лице.

**Член 360**

Снимателите и фоторепортерите не смеат во текот на снимањето да се движат, да прават движења или да заземат положба која може да го одвлече вниманието или да го наруши редот во судницата.

Микрофоните и соодветната инсталација ќе се монтираат претходно на место што ќе го одреди судијата. Сите микрофони мора да имаат прекинувач за привремено исклучување.

Снимателската и другата опрема (мобилните телефони, компјутерите) не смеат да произведуваат ефекти што ќе го одвлекуваат вниманието. Опремата не може да се внесува или изнесува од судницата додека судот заседава.

**Член 361**

Судот може да го одреди начинот на работата и известувањето во затворен систем од страна на интерна телевизија, со цел да се овозможи слободен пристап и преземање на видео и тонските записи (слики, тон, глас).

Ако издавањето на копии заначи материјален издаток на судот, тоа ќе го надомести од барателот.

**Член 362**

Фотографирањето и снимањето во судот, како и јавното прикажување може да се изврши врз основа на претходно прибавено писмено одобрение на претседателот на судот.

Фотографирањето и видео снимањето во зграда вон текот на судската постапка го одобрува претседателот кој управува со зградата во која се наоѓаат судските простории.





**Член 363**

Видео и звучно (магнетофонско) снимање на главниот претрес во кривичната постапка и јавно прикажување (репродуцирање) на снимката надвор од случаите предвидени со Законот за кривичната постапка се врши по одобрение на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, по предходно прибавено мислење на претседателот на советот, судиите и со согласност на странките.

Видео и звучните снимања на главната расправа во парничната постапка и јавното прикажување на сниките го одобрува претседателот на судот по предходно прибавено мислење на советот, претседателот на советот, судиите и со согласност на странките.

Фотографирањето во текот на судењето и јавното објавување на фотографиите го одобрува претседателот на советот, судијата врз основа на претходно дадената согласност од странките и останатите учесници во постапката.

При давањето на одобрението за фотографирање и снимање ќе се води сметка за итнересирањето на јавноста, интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постаката.

Фотографирањето и снимањето во судницата, по прибавеното одобрение, се одвива под водство на претседателот на советот и судиите, на начин кој обезбедува непречен тек на судењето и кој овозможува ред во судницата.

***ПРИЛОГ 5:***

Упатство на Министерството за правда за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 10 ставот (6) од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10), министерот за правда, донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА СУДОТ**

Член 1

Со ова упатство се уредува начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот.

Член 2

При објавувањето на правосилните судски одлуки на веб страницата на судот со име и презиме на странките, односно називот на правното лице се анонимизираат следните податоци:

- адресата на живеалиштето односно престојувалиштето или седиштето на странките и

  другите учесници во постапката;
- датумот и местото на раѓање на странките и другите учесници во постапката;
- бројот на лична карта, пасош, возачка дозвола и броевите на другите лични документи на странките и другите учесници во постапката;
- бројот на полисата на осигурување, бројот на регистарска ознака на возилото;
- адреса на електронска пошта на странките и другите учесници во постапката;





- единствениот матичен број на граѓанинот или единствениот матичен број на субјектот на упис и
- името и презимето и другите лични податоци на сведокот, вештакот, толкувачот, социјалниот работник, психологот, педагогот, дефектологот, лекарот и сл.

При објавувањето на судските одлуки од став 1 на овој член се објавува името и презимето на судиите, јавните обвинители, државните правобранители, законските застапници, бранителите и полномошниците на странките.

Член 3

Неправосилните судски одлуки се објавуваат на веб страницата на судот, со целосно анонимизирање на личните податоци на учесниците во постапката, освен името и презимето на судиите, јавните обвинители, државните правобранители и законските застапници на странките.

Член 4

Анонимизацијата на личните податоци од членовите 2 и 3 од ова упатство се врши со замена или испуштање на податоци во судските одлуки на следниов начин:

1. Анонимизација на име и презиме

а). Името и презимето се анонимизира со замена со иницијали од почетните големи печатни букви по кои се додава точка;

Пример: Петар Петровски се заменува со: П. П.

б). Ако во иста судска одлука има повеќе лица со исти иницијали анонимизацијата се врши на следниов начин:

- кај првото лице името се заменува со иницијал со точка, а презимето се заменува со иницијал со точка и се додава реден број 1;
- кај второто, третото или другите лица името се заменува со иницијал со точка, а презимето се заменува со иницијал со точка и се додава следниот реден број.

Пример: Крсте Крстевски, Кочо Кочовски и Кире Костовски се заменуваат со К. К. 1, К. К. 2 и К. К. 3

2. Анонимизација на називот на правните лица

− Називот на правното лице (трговско друштво ) се анонимизира така што називот на трговското друштво се заменува со голема почетна печатна буква по која се става точка и се додаваат големи печатни букви со точка кои го означуваат обликот на трговското друштво. Ако во текстот на судската одлука е наведено јавно претпријатие или друг вид на правно лице не се анонимизираат податоците за правниот облик на тоа правно лице.

Пример: „Скопје” ДООЕЛ се заменува со С. ДООЕЛ,

Јавно претпријатие „Водовод и канализација” се заменува со Јавно претпријатие В.К.

3. Анонимизација на називите на органи на државна управа, управни организации, установи и институции како и единиците на локалната самоуправа

− Називот на органи на државна управа, управни организации, установи и институции како и единиците на локалната самоуправа се анонимизира така што зборовите од кои што се состои називот се заменуваат само со еден збор кој го означува правниот облик на субјектот. Ако називот содржи зборови со наводници, тие зборови се заменуваат со иницијалите на почетните големи печатни букви на кои им се додава точка, а наводниците се изоставуваат.

Пример: Министерство за правда се заменува со Министерство,

Државен завод за статистика се заменува со Завод,

Основно училиште „Гоце Делчев” се заменува со Училиште Г.Д.

4. Анонимизација на адресата и местото на раѓање

− Имињата на државите, градовите и местата на раѓање се анонимизираат на начин што името на градот се заменува со почетните големи печатни букви по кои се додава точка. Останатиот дел од адресата како што е улицата и бројот се изоставуваат. Во случај во иста судска одлука да има исти почетни букви на држави, градови или места, на секои нови почетни букви се додава реден број со почеток од 1.





Пример: ул. „Димитрие Чупоски“ бр. 9, Скопје, Република Македонија се заменува со С.Р.М.

Ул. „522” бр.1, Демир Хисар, Република Македонија се заменува со Д.Х.Р.М.

5. Анонимизација на адреса на електронска пошта и веб страници

а). адресата на електронската пошта и веб страниците се анонимизираат така што се заменуваат со три точки.

Пример: e-mail: pertre_petrevski@live.com се заменува со e-mail: www.pravda.gov.mk се заменува со www...

6. Анонимизација на единствениот матичен број на граѓанинот, бројот на лична карта, пасош, возачка дозвола и останатите лични документи како и бројот на полисата на осигурување, бројот на регистарската ознака на возило и датумот на раѓање

− Единствениот матичен број на граѓанинот, бројот на лична карта, пасош, возачка дозвола и останатите лични документи како и бројот на полисата на осигурување, бројот на регистарската ознака на возило и датумот на раѓање се анонимизираат така што на нивно место се ставаат три точки.

Пример: Број на лична карта 98765 се заменува со број на лична карта ...

Регистарска ознака на возило број Ск-2584 ОС се заменува со регистарска ознака на возило...

Датум на раѓање 1.1.2035 година се заменува со датум на раѓање...

Член 5

Објавените правосилни судски одлуки на веб страниците на судовите се пребаруваат според:

- видот на предметот,
- бројот на предметот,
- основот на предметот,

- името и презимето на тужителот, тужениот, или осудениот,
- месецот и годината на донесувањето на пресудата и
- зададен клучен збор дефиниран во номенклатурата.

Член 6

Објавените неправосилни судски одлуки на веб страниците на судовите се пребаруваат според:

- видот на предметот,
- бројот на предметот,
- основот на предметот,
- месецот и годината на донесувањето на пресудата и
- зададен клучен збор дефиниран во номенклатурата.

Член 7

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-887/5
4 април 2011 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.





***ПРИЛОГ 6:***

СОВЕТ НА ЕВРОПА
КОМИТЕТ НА МИНИСТРИ

**Препорака Rec(2003)13**

**на Комитетот на министри до земјите членки за давање информации преку медиуми во врска со кривичните постапки**

*(Усвоена од Комитетот на министри на 10 јули 2003 г. на 848-от Состанок на Претставниците на министрите)*

Комитетот на министри, според одредбите на Член 15.*б* од Статутот на Советот на Европа,

Земајќи ја предвид целта на Советот на Европа за постигање поголема соединетост меѓу земји членки на Советот, со цел зачувување и реализирање на идеите и начелата кои се заедничко наследство на земјите членки;

Повикувајќи се на заложбите на земјите членки за остварување на основното право на слобода на изразување и информирање, што е загарантирано со Членот 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (понатаму во текстот нарекувана: Конвенција), што претставува еден од основните темели на едно демократско општество и еден од основните услови за напредок на едно такво општество, како и за развитокот на секој поединец;

Повикувајќи се на тоа дека медиумите имаат право да ја информираат јавноста поради правото јавноста да добива информации, вклучително и информации за работи кои се од јавен интерес, според Членот 10 од Конвенцијата, како и тоа дека професионална обврска на медиумите е да го остваруваат ова право;

Повикувајќи се на тоа дека правата за пресумпција на невиност, за правично судење и за почитување на приватноста и семејниот живот, според Членовите 6 и 8 од Конвенцијата, претставуваат основни услови кои мора да се почитуваат во секое демократско општество;

Истакнувајќи ја важноста од медиумското известување за информирањето на јавноста за кривични постапки, при што заштитната функција на кривичното право ќе биде видлива, како и обезбедувајќи јавна расправа за функционирањето на системот на кривична правда;

Земајќи ги предвид можните конфликтни интереси заштитени со Членовите 6, 8 и 10 од Конвенцијата, како и неопходноста од урамнотежување на ваквите права со оглед на фактите изнесени во секој случај посебно, со соодветен оглед на надзорната улога на Европскиот суд за човекови права, со цел почитување на заложбите пропишани со Конвенцијата;

Повикувајќи се, натаму, на правото на медиумите и новинарите да формираат професионални здруженија, што е загарантирано со правото на слобода на здружување според Членот 11 од Конвенцијата, што е основа за саморегулирање во полето на медиумите;

Свесни за многуте иницијативи од страна на медиумите и новинарите во Европа за унапредување на одговорното вршење на новинарската работа, како преку саморегулирање, така и преку соработката со државата преку заеднички регулирани рамки;

Со желба за унапредување на дебатата заснована на информации во врска со заштитата на правата и интересите во контекст на медиумското известување за кривични постапки, како и со желба за негување на добрата пракса низ цела Европа, при што ќе се осигури пристап на медиумите до кривичните постапки;

Повикувајќи се на Резолуцијата (74) 26 за правото на одговор – положбата на поединецот во однос на печатот, како и Препораката на Советот Бр. R (85) 11 за положбата на жртвата во рамките на кривичното право и постапка, како и Препораката Бр. R (97) 13 во врска со заплашувањето на сведоците и правата на одбраната, како и Препораката R (97) 21 за медиумите и унапредувањето на културата на толеранција;

Истакнувајќи ја важноста на заштитата на новинарските извори на информации во контекст на кривични постапки, во согласност со Препораката на Советот Бр. R (2000) 7 за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации;

Земајќи ја предвид Резолуцијата бр. 2 за новинарските слободи и човекови права, усвоена на Четвртата европска министерска конференција за масовните медиуми (Прага, декември, 1994 г.), како и Декларацијата за медиумската политика на иднината, усвоена на Шестата европска министерска конференција за политиката на масовните медиуми (Краков, јуни, 2000 г.);

Повикувајќи се на тоа дека оваа препорака не служи за ограничување на стандардите кои веќе постојат во земјите членки, кои се наменети за заштита на слободата на изразување,





Им препорачува на владите на земјите членки, уважувајќи ја различноста на нивните правни системи во делот на кривичната постапка, да го сторат следново:

1. да ги преземат или да ги засилат, во зависност од случајот, сите мерки што тие сметаат дека се неопходни во поглед на спроведувањето на начелата кои се во прилог на оваа препорака, во рамките на нивните уставни одредби,

2. широко да ја дистрибуираат оваа препорака, задно со нејзините начела, а таму каде што е соодветно и во превод и

3. начелата посебно да им ги стават на знаење на судските органи и полициските служби, но исто така ваквите начела да ги направат достапни на здруженијата кои ги претставуваат адвокатите и медиумските професионалци.

**ПРИЛОГ на Препораката Rec(2003)13**

***Начела поврзани со давање информации за кривични постапки преку медиумите***

*Начело 1 – Информирање на јавноста преку медиумите*

Јавноста мора да биде во можност да добива информации во врска со активностите на судските органи и полициските служби преку медиумите. Затоа, новинарите мора да бидат во можност слободно да известуваат и коментираат за функционирањето на системот на кривичната правда, освен во случаи кога ова е ограничено според следниве начела.

*Начело 2 – Пресумпција на невиноста*

Почитувањето на начелото за пресумпција на невиност е неоттуѓив дел од правото на правично судење. Според ова, мислењата и информациите поврзани со тековни кривични постапки треба да се објавуваат или дистрибуираат преку медиумите кога таквото дејство не влијае врз пресумпцијата на невиност на осомничениот или обвинетиот.

*Начело 3 – Точност на информациите*

Судските органи и полициските служби треба да им обезбедат на медиумите

само верифицирани информации или информации кои се засновани на разумни претпоставки. Во случаи на разумни претпоставки, медиумите тоа треба јасно да го истакнат.

*Начело 4 – Пристап до информациите*

Кога новинари законски обезбедиле информации во контекст на тековна кривична постапка, од судските органи или полициските служби, таквите органи и служби мора да ги направат достапни таквите информации, без дискриминација, до сите новинари кои ќе дадат или веќе дале такво барање.

*Начело 5 – Начин на давање информации*

Кога судски органи и полициски служби самите одлучиле да им дадат информации на медиумите во контекст на тековни кривични постапки, таквите информации треба да бидат дадени врз недискриминаторска основа, и, кога тоа е можно, издадени преку соопштенија за медиумите, конференции за медиумите и тоа од страна на овластени службеници или слични овластени средства.

*Начело 6 – Редовно информирање во текот на кривичната постапка*

Во контекст на кривични постапки од јавен интерес или други кривични постапки кои добиле посебно внимание во јавноста, судските органи и полициските служби треба да ги информираат медиумите за нивните најзначајни акти, до степен до кој таквото информирање нема да влијае врз тајноста на истрагите и полициските акции или пак до степен до кој нема да го одложи или спречи исходот на таквите постапки. Во случаи на кривични постапки кои се случуваат во подолг период, ваквото информирање треба да се случува редовно.

*Начело 7 – Забарана за злоупотреба на информации*

Судските органи и полициските служби не треба да злоупотребуваат информации за тековни кривични постапки за комерцијални потреби или други потреби кои не се поврзани со релевантните потреби за спроведување на законот.

*Начело 8 – Заштита на приватноста во контекст на тековната кривична постапка*

При давање информации во врска со осомничени, обвинети или осудени лица или други страни во кривичните постапки, треба да се почитува правото на заштита на приватноста, во согласност со Член 8 од Конвенцијата. Посебна заштита треба да им се обезбеди на оние страни во постапките кои се малолетни лица или други ранливи групи, како и за жртвите, сведоците и семејствата на осомничените,





обвинетите и осудените лица. Во сите случаи, особено внимание треба да му се даде на штетниот ефект што може да го предизвика откривањето информации со кои се идентификуваат лицата споменати во ова начело.

*Начело 9 – Право на исправка или право на одговор*

Без предрасуди за достапноста и на други правни лекови, секое лице кое било предмет на некоректно или клеветничко медиумско известување во контекст на кривична постапка, треба да има право за соодветна исправка или одговор, против медиумот за кого станува збор. Правото на исправка исто така треба да биде достапно и во врска со Соопштенија за медиумите кои содржат неточни информации, а кои биле објавени од страна на судски органи или полициски служби.

*Начело 10 – Заштита од влијанието на предрасудите*

Во контекст на кривични постапки, посебно оние кои вклучуваат поротници, судските органи и полициските служби треба да се откажат од обезбедување јавни информации со кои се јавува ризик на воведување значителни предрасуди во правичноста на постапките.

*Начело 11 – Штетен публицитет пред почетокот на судската постапка*

Во случаи кога обвинетиот може да покаже дека постои голема можност обезбедувањето информации дека ќе резултира, или веќе резултирало во нарушување на неговото или нејзиното право на правично судење, обвинетиот или обвинетата треба да добие право на ефективен правен лек за тоа.

*Начело 12– Дозвола за влез на новинари*

На новинарите треба да им биде дозволен влез на јавните парници и јавните прогласувања на пресудите, без дискриминација и без услов за претходно обезбедување акредитации. Новинарите не треба да бидат изземени од судските парници, освен ако и до оној степен до кој јавноста е изземена од парниците, во согласност со Член 6 од Конвенцијата.

*Начело 13 – Пристап на новинарите во судницата*

Надлежните органи, освен ако постои јасна невозможност за тоа, треба во судниците да обезбедат одреден број места, наменети за новинари, кои ќе бидат доволни за да се одговори на таквата побарувачка, без да го исклучат присуството на јавноста во судницата.

*Начело 14 – Известување во живо и снимање во судницата*

Известувањето во живо или снимањето на судниците од страна на медиумите не треба да биде можно, освен ако тоа не е изрично дозволено со закон или од страна на надлежните судски органи. Ваквото известување треба да биде дозволено само во случаи кога не постои сериозен ризик од несоодветно влијание врз жртвите, сведоците, страните во случајот на кривична постапка, поротниците или судиите.

*Начело 15 – Поддршка за медиумско известување*

Од страна на надлежните органи, во соодветен рок, треба да им се обезбедат на новинарите, по нивно барање, известувања за закажаните парници или изрекување обвинителни акти и други релевантни информации за медиумското правно известување, освен во случај кога тоа е невозможно. На новинарите треба да им биде дозволено, без дискриминација, да прават или да добиваат копии од јавно прогласените пресуди. Новинарите треба да имаат можност јавно да ги дистрибуираат или да ги објавуваат ваквите пресуди.

*Начело 16 – Заштита на сведоци*

Идентитетот на сведоците не треба да се открива, освен ако одреден сведок дал претходна согласност за тоа или ако идентитетот на сведокот претставува јавен интерес или пак ако неговото сведочење веќе било изнесено во јавност. Идентитетот на сведоците не треба воопшто да се открива ако со тоа се загрозува нивниот живот или сигурност. Посебно внимание ќе се даде на програмите за заштита на сведоци, особено во кривични постапки против организиран криминал или криминал во семејството.

*Начело 17 – Медиумско известување за извршување на судската казна*

На новинарите треба да им биде дозволено да контактираат со лица кои служат судски казни во затворите, до оној степен до кој ваквиот контакт не му штети на правичното спроведување на правдата, на правата на затворениците и затворските службеници, или пак на безбедноста на затворот.

*Начело 18 – Медиумско известување по извршувањето на судската казна*

Со цел да не им се наштети реинтеграцијата во општеството на лица кои отслужиле судски казни, правото на заштита на приватноста според Член 8 од Конвенцијата треба да го вклучува и правото на заштита на идентитетот на вакви лица, во врска со нивни претходни дела, по завршувањето на нивната судска казна, освен ако тие самите изрично се согласиле нивниот идентитет да биде откриен или пак ако тие самите и нивното претходно дело, повторно станат или станале јавен интерес.